# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**СУГС Гимназија „Орце Николов”-Скопје (2021-23)**

***(учебни години 2021/22 и 2022/23)***



**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Наставни планови и програми**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само напишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>**1.1 Организација на наставните планови и програми**<br>**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**<br>**1.3 Воннаставни активности** |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани?** |
| **1.1 Организација на наставните планови и програми**<br><br>**Наставни планови и програми одобрени од МОН**<br><br>**Наставни планови и програми на наставници**<br><br>**Наставни планови за дополнителна настава**<br><br>**Наставни планови за додатна настава** | 1. **Дали училиштето ги реализира целосно наставните планови и програми одобрени од МОН? Дали има некакви разлики во оние што училиштето ги реализира од каде тие произлегуваат?**<br><br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Тие не се разликуваат од програмите кои се спроведуваат во училиштето. Секој професор наставата ја изведува според одобрената програма, и ако таа е преобемна и би можела во иднина да се скрати и поедностави. По одредени предмети некои содржини не соодветствуваат со возраста на учениците. Се очекува во иднина да се реформираат и унапредат наставните програми по сите предмети, како и да се намали централизацијата на воспитно-образовниот процес, со што би се дозволила извесна можност секое училиште да може да воведува свои програми и предмети (изборни). Во периодот на пандемија училиштето реализираше наставни програми и планови според препроаките од страна на МОН.<br><br>2. **Дали постојат можности и кои можности ги имаат учениците, родителите и наставниците да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми?**<br><br>Родителите не се во директна можност да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми, а можност за тоа имаат наставниците кои можат да го заменат традиционалниот начин со активни методи и техники. Преку организирање на работилници, предавања и други активности во кои се вклучени родителите, се дава можност и тие да партиципираат во реализирање на дел од наставните планови и програми.<br>Наставниците можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните програми преку креативен пристап, со добро подготвено и осмислено планирање на часот за секоја тематска целина и наставна содржина. На овој начин наставниците создаваат атмосфера која поттикнува заемна интеракција во училиштето со што се намалува доминантна улога на наставникот, а традиционалниот – пасивен начин на презентирање на наставните содржини се заменува со активна настава која има креативен пристап. Со примена на ефикасни методи се поттикнува креативноста, инвентивноста со што се создаваат можности за самопочитување, почитување и лидерство кои недостасуваат при традиционалниот пристап на реализација на наставниот процес. Учениците можат да учествуваат – делуваат при реализација на програмите преку свое активно учество, со правилно насочување од нивните предметни наставници, со што се создава можност учениците од пасивни објекти во процесот на образованието да се пројават како активни субјекти кои предлагаат, креираат и реализираат под водство на нивните наставници. Ова влијае врз |

| | |
|---|---|
| **Годишни програми на училиштето**<br><br>**Годишна програма за класен час**<br><br>**Дневници на паралелки**<br><br>**Проектни активности, планови** Анкетни листови за изборни предмети и проектни активности<br><br>**Критериуми за оценување**<br><br>**Анализа на содржина на наставни програми** | нивното дооформување како личности, нивно унапредување, одговорност, инвентивност, креативност и врз нивното ментално и физичко здравје. Интерактивната настава нуди можност за ангажирање на сите ученици. Со воведување на комјутерите во наставата се зголемува креативноста во наставата и се развиваат потенцијалите на учениците. Во услови на пандемија наставата се изведуваше он-лајн, што им овозможи на наставниците и учениците да ја изразат својата креативност и со користење на ИКТ во наставата. Во периодот по завршување на пандемијата наставата се реализира со физичко присуство со што се зголеми квалитетот на воспитно-образовниот процес.<br><br>**3. Како училиштето ги прилагодува наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина?**<br><br>Наставниците ги реализираат наставните планови и програми во склад со потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, заеднички прослави, посети на повеќе институции кои се од заеднички интерес: театри, кина, опера, музеи и многу други културни и спортски манифестации, научни институции и бизнис организации. Преку вклученост во проектот Еко-училиште, се организираат активности кои имаат еколошко значење за локалната заедница.<br>Исто така во училиштето се реализираат стручни предавања и работилници од страна на високо образовни институции на теми кои се поврзани со научната и претпремачката дејност на истите, како и соработка со Министерство за здравство и Министерство за внатрешни работи, кои преку свои претставници реализираат превентивни и едукативни активности.<br>Една од карактеристиките на локаланата средина се и невладините организации кои работат на овој простор. Тие секоја учебна година остваруваат соработка со Град Скопје и нудат широка лепеза на активности кои се атрактивни за учениците и наставниците. Некои од нив се: „Мулитетничка интеграција во образованието“, „Безбедни училишта- хармонична средина“ и сл. Во изминатиот период се одржаа и 3 работилници со ученици кои беа посветени на менталното здравје на учениците.<br><br>**4.Дали наставните планови и програми им се достапни на учениците, наставниците и родителите? На кој начин тие се запознаваат со овие документи?**<br><br>Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, родителите и учениците. На почеток на секоја учебна година наставниците своите наставни планови и програми (глобални и тематски, планирања за дополнителна и додатна настава, како и критериумите за оценување и проверка на знењата и планирањата за реализација на класните часови) ги предаваат на педагошко – психолошката служба, а дневните подготовки наставниците се должни да ги имаат на секој наставен час.<br>Ова е во функција за успешно реализирање на часот и спроведување на наставниот процес. Со наставните програми и текот на нивното реализирање, предметните наставници ги информираат учениците на почетокот на учебната година, на првиот час. Во кратка форма се информираат и родителите на родителски средби по секој класификационен период.<br>Родителите за наставните планови и програми и критериумите за оценување можат да се информираат по електронски пат на веб страна на училиштето – www.orcenikolov.edu.mk , или пак на страната на Бирото за развој на образованието–www.bro.gov.mk за чие постоење се информирани од страна на класните раководители.<br><br>**5.На кој начин училиштето им дава можност на учениците да вршат избор на наставни предмети? Кои ученици можат да вршат таков избор?** |

| | |
|---|---|
| **Програми за проектни активности**<br><br>**Анкетен лист за избор на проектни активности** | Пред крај на секоја учебна година, учениците од втора година добиваат во писмена/електронска форма, материјал за можностите за избор на наставните подрачја и предмети. Тие, според личните афинитети, преку анкета, самостојно и во соработка со нивните родители, избираат задолжителни изборни предмети.<br><br>Родителите преку родителски средби и лично информирање на родителските средби се запознаваат со понудените изборни подрачја и наставни предмети. Во трета година учениците се определуваат за одредени подрачја: природно-математичко, општествено-хуманистичко и јазично-уметничко, избирајќи пакет на предмети од понудените подрачја. Во секоја учебна година учениците избираат проектни активности според свои желби и афинитети во соработка со нивните наставници и родители и преку анкетен лист ги изразуваат своите желби, за две проектни активности. |
| **1.2 Квалитет на наставни планови и програми**<br><br>**Наставни планови и програми одобрени од МОН**<br><br>**Наставни планови и програми наnаставници**<br><br>**Годишни програми на училиштето**<br><br>**Дневници на паралелки**<br><br>**Проектни активности,** | **6. Каква поддршка им се дава на наставниците за да можат тие да ги подоготвуваат и осовременуваат наставните планови и програми?**<br><br>Наставниците имаат надворешна едукативна поддршка. Преку семинари, стручна обука се оспособуваат како да ја осовременат наставата во училиштето и се насочуваат како да создаваат атмосфера која поттикнува одговорна интеракција во училиштето и користење ефикасни методи кои промовираат креативно мислење. На наставници им се овозможува учество на семинари и обуки организирани од МОН и БРО на Р. С. Македонија или од други институции. Поддршката е искажана и со овозможување учество со сопствени трудови на конгреси во и надвор од државата.<br>Училиштето на нововрботените наставници им определува ментор, кој им помага и ги насочува при изработката на годишните, тематските и дневните подготовки, како и при нивна реализација.<br>Во рамките на расположливите наставни средства и бројноста на наставни техники, наставниците имаат можности да креираат, да ги осовременуваат наставните програми и да ги прилагодуваат на психофизичките способности на учениците.<br>Наставниците секоја година изготвуваат План за личен професионален развој, а педагошко-психолошката служба изготвува анализа и план за професионален развој на ниво на училиште. Врз основа на овој план се детектираат потребите на училиштето за обука и доедукација. Врз основа на овие информации се определува какви обуки ќе се организираат и спроведат во иднина. Исто така, преку соработката со невладиниот сектор и Еразмус+ програмите, наставниците преку вклученост во проекти имаат можност да ги унапредуваат своите знаења и вештини. Во изминатите две години се одржани обуки за наставен кадар на следниве теми: Современа настава, Трговија со луѓе, Заштита при работа, Успешна деловна комуникација на работното место.<br><br>**7. Дали има можности за интегративен пристап кон содржините (односно кон оние кои можат да се вклучат во реализација на повеќе наставни предмети)?**<br><br>Во училиштето има можности за интегративен пристап кон содржините кои се реализираат од повеќе наставни предмети. Преку договор на ниво на стручни активи е овозможена разработка на една тема од повеќе наставни предмети. Во изминативе две години се организирани неколку отворени часови со цел интегративен пристап во реализација на наставата. Истите беа посетени од страна на директорот на училиштето, педагошко-психолошката служба и колеги од стручниот актив. |

| | |
|---|---|
| **планови**<br><br>Анкетни листови за изборни предмети и проектни активности<br><br>**Програма за ментори на приправници**<br><br>**Програми на активи во училиштето**<br>**Годишен извештај на активи во училиштето**<br>**Годишен извештај за реализирање на програмата воучилиштето**<br><br>**Дневни подготовки од отворени часови со интегративен пристап на повеќе наставни предмети** | **8. Колку наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло, опфаќајки тематика како раководење, соработка, договарање, самодоверба и разрешување на конфликти?**<br><br>Наставните планови и програми во голема мера го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло. Наведените тематики (раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликти) се содржани во следните наставни предмети: социологија, етика, историја и психологија, бизнис и претприемништво, економија и менаџмент, како и во проектните активности: култура за заштита, мир и толеранција, урбана култура, како и на часовите од ОЖВ.<br><br>Кај предметот *социологија* во втора година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Социјализација<br>- Човековото однесување е општествено однесување<br>- Социјализацијата и индивидуалната слобода<br>- Развој на личноста<br>- Агенси на социјализација<br>2. Општествена интеракција<br>- видови на општествена интеракција<br>3. Образование<br>- Образованието и општеството<br>4. Етнички групи<br>- Етнички антагонизам, предрасуди и дискриминација<br>- Односите во мултиетничките општества<br>5. Општествени групи<br>- Видови општествени групи<br>6. Општествени организации<br>- Формални општествени организации<br><br>Кај предметот *социологија* во трета година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Етничноста имиграциите<br>- Етничката дискриминација денеска<br>- Етничка интеграција и етнички конфликт<br>- Етничка разнородност на македонското општество<br>2. Владеењето и политиката во современиот свет<br>- Националистичките движења денес |

| | |
|---|---|
| **Анализа на содржините на наставните планови**<br><br>**Годишни тематски и дневни подготовки по наставните предмети Социологија, Историја, Психологија, Етика, Педагогија, Биологија,** | Кај предметот *етика* во втора и трета година тематските целини и наставни содржини:<br>1. Деловна етика–раководење, соработка, договарање, самодоверба, разрешување конфликти.<br>2. Социјална етика–конфликти меѓу луѓето<br>3. Економска етика–работна етика, деловна етика<br>4. Работна етика–работни вредности и соработка<br><br>Кајпредметот *историја* во трета година тематските целини и наставни содржини:<br>1. Светот по II Светска војна – Меѓународни конфликти и односи по II Светска војна<br><br>Кај предметот *психологија* во четврта година тематските цели и наставни содржини:<br>1. Мотивација и мотиви–лични мотиви, самоактуелизација, самопотрдување<br>2. Комуникација–комуникација, соработка, договарање<br>3. Група–раководење и лидерство во групата<br>4. Личност–особини на личноста, самодоверба<br><br>Во училиштето се реализираат и вонnаставни активности на содржини и теми кои се наброени. Во изминатите две години, се спроведоа проекти:<br>Проект „Младите за децата“ поддржан од Европската комисија во рамки на кој се спроведе истражување за менталното здравје на учениците во училиштето; работилници со ученици за унапредување на менталното здравје на учениците во рамки на проект на „Мозаик“ со поддршка од Град Скопје; проект „Сила а не насилство“ на Град Скопје во соработка со НВО „Тинтири Минтири“, како и постојана соработка и активности со Град Скопје и СВР во рамки на проектот „Безбеден град“.<br><br>**9. Како училиштето организира образование за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивносот здравје, болестите ХИВ/СИДА и зависноста од дрога**<br><br>Во училиштето образованието за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивното здравје, болестите од ХИВ/СИДА и зависности од droги делумно се реализираат во наставните програми по предметите: социологија, етика, педагогија и биологија.<br><br>Кај предметот *социологија* во втора и трета година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Диференцијацијата според возраста и половата припадност<br>- Полот и возраста како природни и социјални карактеристики<br>- Разликите меѓу половите<br>- Идентификација со полот<br>- Последици од половата диференцијација<br>2. Родот и полот<br>- Родот и биологијата |

| | |
|---|---|
| | - Родовата социјализација<br>- Општествената конструкција на родот и полот<br>3. Општествени институции<br>- Улогата на семејството во формирањето на личноста<br><br>Кај предметот *етика* во втора година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Односите меѓу половите и нивните сексуални врски<br>2. Болестите ХИВ/СИДА и зависности од дрога<br>3. Биоетика–етика на здравјето, зависности<br>4. Здравствена етика–заразни болести, зависности, наркоманија<br><br>Кај предметот *педагогија* во трета година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Воспитување меѓу половите<br><br>Кај предметот *биологија* во прва, втора, трета и четврта година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Преглед на живиот свет - Вируси, особини и болести<br>2. Биологија на клетка–вируси, организација на вируси<br>3. Биологијата наука за живите организми–размножување, раст, стареење и смрт<br>4. Репродукција кај човекот–полови заболувања и превенција<br>5. Регулација на органските системи- регулација на репродукција<br>6. Репродукција – планирање на семејството, спречување на бременоста, етичко значење и последици од абортус<br>Во училиштето, на класен час или во рамки на проектните активности, се одржуваат и информативни предавања од наведените области. Многу пати невладиниот сектор е присутен во училиштето со предавања од наведените тематики: работилници со ученици за унапредување на менталното здравје на учениците во организација на „Мозаик“ со поддршка од Град Скопје, реализирани презентации на класни часови во сите класови во рамки на проектот „Заштита и спречување на трговија со деца“ во организација на БРО, Црвен крст - сексуално преносливи болести и болести на зависност, содржини со ваква тематика опфатени во ОЖВ програмата, посета на центарот Сакам да знам во кој учениците можат да добијат информации од стручни лица, соработка со ХЕРА.<br><br>10. Образованието за човекови права, граѓанското образование и други теми поврзани со општествената проблематика се реализираат вонаставните програми по предметите: социологија, етика, историја, проектни активности–граѓанска култура.<br><br>Кај предметот *социологија* во втора, трета и четврта година во тематските целини и наставни содржини: |
| **Историја** | 1. Човекови права<br>2. Политика, власт идржава- модерната држава и човековите права |
| **Психологија** | 3. Слободи и права според уставот на Република С. Македонија |

| | |
|---|---|
| **Социологија** | Кај предметот *етика* во трета година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Човековите права<br>2. Политичка етика-правата начовекот<br><br>Кај предметот *историја* во трета година во тематските целини и наставни содржини:<br>1. Механизам за зачувување на светскиот мир – човековите права и меѓународна соработка<br><br>Наставни теми кои го помагаат личниот и општествениот живот на учениците:<br>во предметот *Вовед во правото*<br>1. Правни акти<br>-Устав<br><br>2. Систем на правото<br>- Уставно право<br>- Меѓународно право<br><br>3. Образование за човекови права<br>- Устав<br>- Закон<br><br>4. Субјекти на правото<br>- Физички лица<br><br>5. Систем на правото<br>- Уставно право<br>- Граѓанско право |
| **1.3 Вонnаставни активности (спортски активности)**<br><br>**Програма на активи во училиштето** | **11. Дали се реализираат вон-наставни астивности и кои? Дали вон-наставните активности подеднакво им се достапни и на машките и женските ученици?**<br><br>Во училиштето се реализираат воннаставни активности по повеќе предмети: музичка и ликовна уметност, спорт и спортски активности, македонски јазик и литература, програмски јазици, информатичкатехнологија, социологија, историја, математика, странски јазици (англиски, германски, француски), хемија, биологија и др. Учениците се вклучени во училишни натпревари, државни и интернационални, од различни предмети и области и редовно освојуваат награди и признанија.<br>Во склоп на спортските воннаставни активности училиштето учествува во четири нивоа на натпреварувања: училишни, општински, градски и државни. Во нашето училиште во периодот 2021-2023 година се реализираа натпревари во повеќе спортски дисциплини: кошарка (во машка и женска конкуренција), одбојка (во машка и женска конкуренција), тенис (во машка и женска конкуренција), и други спортови по потреба и тоа зависно од поканата на други средни училишта на ниво на општина и град како |

| | |
|---|---|
| **Годишен извештај на активи во училиштето**<br><br>**Годишен извештај за реализирање на програмата во училиштето**<br><br>**Извештаи за училишни натпревари**<br><br>**Долгорочен и среднорочен образовен план за ученичка со посебни образовни потреби** | на пр. ракомет, шах, атлетика и сл. Горенаведените спортски натпревари се достапни подеднакво и за машките и за женските ученици.<br>Училиштето се јавува како организатор – домаќин на натпревари од спортски карактер.<br>Учениците се вклучени во организација на културно-забавни манифестации по одреден повод.<br>Планирано се врши посета на театарски и кино претстави, музеи, опера, ликовни изложби, промоции на книги, саем на книга.<br>Учениците посетуваат институции значајни за образованието: Парламентот на Р. Северна Македонија, одредени владини институции, градското собрание, амбасади, редакции на дневни весници.<br>Многу често учениците учествуваат во ТВ емисии кои се со едукативен, образовен и забавен карактер.<br>Со наставните програми предвидени се екскурзии со едукативен и рекреативен карактер при што учениците имаат можност за поцелосно меѓусебно запознавање, како и да се запознаат со културата на посетените географски подрачја.<br><br>Вонаставните активности подеднакво нудат можност за вклучување на машките и женските ученици.<br>Вонаставните активности не можат во целост да се реализираат поради преобемните наставни програми и просторни, временски ограничувања поради организирање на наставата во две смени и сл.<br>Во учебната 2022/2023г. се започна со снимање на серијал кратки емисии за нашето училиште. Серијалот е насловен “Во светот на Орце” и во него се вклучени интересни приказни и промоции на сето она што го прават ученици како вонаставни активности. (https://youtu.be/CDuE2u2Q4EU).<br><br>**12. Дали учениците со различни способности или со посебни потреби се вклучени во вон-наставни активности?**<br><br>Учениците со различни способности од машки и женски пол согласно своите желби, афинитети и можности се вклучени во преферираните вонаставни активности.<br>Училиштето соработува со високообразовни институции кои го поттикнуваат високиот квалитет и развојот на способностите, и останати натпревари (математичка олимпијада, природни науки натпревари по литература, социологија, програмирање и сл.) и проекти кои влијаат на поттикнување на спсобностите на учениците, а се организирани од лиценцирани здруженија. Учениците со посебни образовни потреби во зависност од нивните интереси и способности се вклучуваат во овие активности.<br><br>**13.Какви придобивки имате од вон-наставните активности?**<br><br>Учениците преку вонаставните активности имаат можност да ги унапредуваат своит капацитети, да ги развиваат своите интереси и да ги одбегнат негативните влијанија кои се присутни кај младата популација. (девијантниот начин на однесување на учениците). Со вклучување во вонаставни активности се прошируваат сознанијата на учениците, доаѓа до нивна меѓусебна соработка, се поттикнуваат едни со други за постигнување подобри резултати, се негува чувство за лидерство и комуникациските вештини. Преку овие активности учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите: полот, способноста, етничката и социјалната припадност и сл., а доколку се реализираат интернационални проекти, тогаш учениците имаат можност да запознаат ученици од други земји, да ја запознаат нивната култура и секако да ја промовираат сопствената. Кај вонаставните спортски активности се овозможува целосна мотивација на ученикот и тоа како во психолошкиот развој и моториката на |

| | |
|---|---|
| | движењата, развивање на осет за естетика, прецизност, координација на движењата, упорност, истрајност, хигиена на телото, развој на телото во целина, другарување, култура на однесување – фер плеј во натпреварите. Преку овие активности комплексно и позитивно се влијае на развитокот на личноста на учениците.<br>Воннаставните активности поттикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и кон наставниците во училиштето. Тие ги мотивираат и наставниците да бидат креативни и поддржувачки метори на учениците.<br>Секако дека една од најважните придобивки е и развивањето на талентите и способностите на учениците кои во иднина можат да бидат и полиња за професионален ангажман на учениците. Воннаставните активности овозможуваат и промоција на училиштето и наставниот кадар. |

| Собирање наподатоци (ии) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои секористени за собирањена податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник за родители, ученици и наставници** | **Работен тим наставници, родители и ученици** | Од анкетата која ја пополнуваа наставници, ученици и родители, се добиени следниве сознанија:<br>Одговори од прашалник за родители:<br>1. 85% од родителите се согласуваат дека училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми кои се реализираат.<br>2. 2.52% од испитаниците изјавуваат дека наставниците само делумно можат да влијаат врз креирање на наставните планови и програми, и дека покренуваат иницијативи.<br>3. 66% од испитаниците сметаат дека постапката за избор на наставни подрачја се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците, преку нивно анкетирање.<br>4. 87% од испитаниците сметаат дека наставните содржини се прилагодени на возраста, индивидуалните потреби и претходните знаења на учениците.<br>5. 82% од испитаниците сметаат дека примената на еко стандардите допринесува за развивање и продлабочување на еколошката свест кај учениците.<br>6. 81% од испитаниците сметаат дека во наставните планови и програми е вклучено стекнување на сите потребни знаења, вештини, ставови, комптенции, вредности кај учениците.<br>7. 81% од испитаниците сметаат дека училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.<br>8. 77% од испитаниците сметаат дека наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми.<br>9. 70% од испитаниците сметаат дека учениците осознаваат доволно за зависноста од дрога, алкохол, полово преносливи болести (HIV-СИДА) и репродуктивно здравје (формирање на семејство и сл.).<br>10. 84% од испитаниците сметат дека учениците со поддршка на училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари кои се организираат |

на локално, национално или меѓународно ниво.

11. 84% од испитаниците сметаат дека училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес.

Ова се високи проценти на позитивни ставови и искуства од страна на родителите. Од ова може да се заклучи дека родителите се задоволни од начинот на реализирање на наставата кој е современ и со користење на ИКТ, дека имаат позитивно мислење за вклучувањето на учениците во воннаставни активности, проекти и натпревари, меѓу кои и оние кои се однесуват на еко активности и развивање на знаења за дрога, алохол, ХИВ, сексуално-преносливи болести и сл.

Родителите се задоволни и од начинот на реализирање на наставните планови и програми, кои според нив се прилагодени на возраста, индивидуалните потреби и способности на учениците. Исто така како позитивно ја истакнуваат транспарентната постапка за избор на подрачја на учениците.

Следниве резултати се изразени во помали проценти на согласност и би можеле да бидат индикатори за насоката на развој во која би требало да се движи училиштето:

1. 17% од испитаниците не се согласува дека во наставните планови и програми јасно се дефинирани критериумите за оценување и наставниците ги запознаваат учениците со овие критериуми.
2. 15% од испитаниците не се согласува дека предвидените наставни содржини се усогласени со временската рамка за нивна реализација.

3. 54% не знаат и 6% од испитаниците не се согласуваат дека училиштето ја практикува инклузивноста, ги вклучува децата со посебни потреби во секојдневните свои активности.

Од овие добиени резултати може да се заклучи дека родителите се критички настроени кон активностите кои ги реализира училиштето во однос на покренување иницијативи за измени и дополнувања на наставните планови и програми и критериумите за оценување. Сите овие забелешки се поврзани со соработката на училиштето со МОН и БРО кои се надлежни за овие дејности. Искуството на училиштето е во насока на недоволна отвореност на овие институции за реалните проблеми и укажувања на наставниците од пракса. Во однос на инклузивноста можеме да кажеме дека во моментов немаме ученик со посебни образовни потреби кој се школува во училиштето. Во изминатиот период една ученичка со посебни образовни потреби го заврши своето средно образование во училиштето и дека до сега имаме позитивно искуство.

<u>Одговори од  прашалник за ученици:</u>

1. 82 % од учениците сметаат дека училиштето им нуди избор на наставни подрачја.
2. 73% од учениците сметаат дека училиштето ја практикува примената на ИКТ во современито наставен процес.
3. 56% од учениците сметаат дека добиваат поддршка од училиштето и наставниците за учество во

| | | |
|---|---|---|
| | | различни манифестации и натпревари орaганзирани на локално, национално и меѓународно ниво.<br>4. 67% од учениците сметаат дека постапката за избор на наставни подрачја се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>5. 70% од учениците се согласуваат дека училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.<br>Во однос на горенаведените одговори може да се заклучи дека учениците се задоволни од начинот на кој училиштето ги информира и ја спорведува постапката за избор на подрачја. Учениците се задоволни од примената на ИКТ во современито наставен процес и дека добиваат поддршка од училиштето и наставниците за учество во различни манифестации и натпревари орaганзирани на локално, национално и меѓународно ниво, како и реализација на воннаставни активности.<br><br>На следниве прашања учениците изразуваат највисок процент на делумно согласување:<br>1. 47% од учениците делумно се согласуваат дека училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните програми кои се реазлиараат.<br>2. 46% од учениците сметаат дека само делумно наставните содржини се прилагодени на возраста, индивдуалните потреби и претходните знаења на учениците.<br>3. 43% од учениците сметаат дека само делумно наставниците имаат современ приод во реализација и совладување на наставните планови и програми.<br>4. 39% од учениците сметаат дека само делумно примената на еко стандардите допринесува за развивање и продлабочување на еколошката свест кај учениците.<br>5. 41% од учениците сметаа дека само делумно во наставните планови и програми јасно се дефинирани критериумите за оценување и наставниците ги запознаваат со нив.<br>6. 36% од учениците сметаа дека предвидените наставни содржини само делумно се усогласени со временската рамка за нивна реализација.<br>7. 42% од учениците не знаат  дека во училиштето се реалзираат прилагодени програми за ученици со посебни образовни потреби<br>Од добиените одговори од учениците може да се заклучи дека би сакале да имаат посовремена настава, и прилагодување на наставните содржини според возраста, индивдуалните потреби и претходните знаења на учениците.<br><br>Следниве прашања се изразени со помал процент на согласување на учениците:<br>1. 31% од учениците не се согласуваат дека во наставните планови и програми е вклучено стекнување на сите потребни знаења, вештини и ставови, комптенции и вредност.<br>2. 43% од учениците не се согласуваат дека добиваат поддршка од училиштето и наставниците за осознавање доволно за зависноста од дрога, алкохол, полово преносливи болести и репродуктивно здравје преку наставата.<br>Овие одговори на учениците во дел соодветствуваат со одговорите на родителите во однос на соработката на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето со институциите кои се одговорни за унапредување на наставните планови и програми за стекнување на сите потребни знаења, вештини и ставови, комптенции и вредност. Секако е важно и нивното укажување дека начините на кои се изведува едукација за осознаваат за зависноста од дрога, алкохол, полово преносливи болести и репродуктивно здравје преку наставата не се најпродуктивни.<br><br><u>Одговори од прашалник за наставници:</u><br>1. 97% од наставниците се согласуваат дека училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми кои се реализираат.<br>2. 94% од наставниците се согласуваат дека во училиштето се реализираат прилагодени програми за ученици со посебни образовни потреби.<br>3. 90 % од наставниците се согласуват дека училиштето им нуди на учениците можност за избор на три наставни подрачја со по две групи.<br>4. 97% од наставниците се согласуваат дека постапката за избор на наставни подрачја се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците, преку нивно анкетирање.<br>5. 95% од наставиците сметаат дека примената на еко стандардите допринесува за развивање и продлабочување на еколошката свест кај учениците.<br>6. 95% од наставниците сметаат дека во наставните планови и програми јасно се дефинирани критериумите за оценување и наставниците ги запознаваат учениците со овие критериуми.<br>7. 96% од наставниците сметаат дека училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.<br>8. 91% сметаат дека наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми.<br>9. 97% од наставниците сметаат дека учениците со поддршка на училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари кои се организираат на локално, национално или меѓународно ниво.<br>10. 83% од наставниците сметаат дека предвидените наставни содржини се усогласени со временската рамка за нивна реализација.<br>Овие добиени резултати во дел соодветствуваат со одговорите на претходните две групи испитаници, односно во училиштето се спороведува транспарентно и доследно постапката за избор на подрачја, во училиштето постојат процедури за информирање на родителите, наставниците се поддршка на учениците во процесот на постигнување на резултати на проекти, натпревари и манифестации и дека се организираат воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.<br>Голем дел од наставниците сметаат дека имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми и дека предвидените наставни содржини се усогласени со временската рамка за нивна реализација.<br><br>Одговори со помалку проценти на согласување се: |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1. 18% од наставниците не се согласуваат и 47% од наставниицте сметаат дека учениците делумно осознаваат за зависноста од дрога, алкохол, полово преносливи болести (HIV-СИДА) и репродуктивно здравје (формирање на семејство и сл.).<br>2. 14% од наставниците не се согласуваат 35% од наставниицте сметаат дека наставните содржини се делумно прилагодени на возраста, индивидуалните потреби и претходните знаења на учениците.<br>3. 18% од наставниците не се согласуваат и 37% делумно се согласуваат дека во наставните планови и програми е вклучено стекнување на сите потребни знаења, вештини, ставови, комптенции, вредности кај учениците.<br>Од добиените одговори може да се забележи дека понискиот процент на согласување се однесува на прашања кои се поврзани со развојот на потребните, знаења, вештини, ставови, компенеции и вредности кај учениците, за нивната соодветност, за начините кои училиштето ги применува за да укаже на постојните потреби за измена и осоврменување на истите, како и за тоа дека наставните содржини не се прилагодени на возраста, индивидуалните потреби и ппретходните знаења на учениците.<br>Понизок процент на согласување се бележи и во врска со тоа дека учениците не стекнуваат доволно знаење и не добиваат доволно информации за зависности, полово преносливи болести (HIV-СИДА) и репродуктивно здравје (формирање на семејство и сл.). |
| | **Членови на работниот тим** | Од анализата на прашалниците се дојде до сознание дека одговорните на стручните активи се задоволни од работата на своите активи кои заедно работат на следниве активности:<br>- На почетокот на секоја учебна година на ниво на актив се избира одговорен наставник и се донесува годишната програма за работа на активите. Во тој период на ниво на активот се разработуваат програмите, се изработуваат годишните планирања и се избираат учебниците по кои ќе се работи во таа учебна година по секој наставен предмет од активот. Исто така се утврдуваат и проектните активности кои ќе им бидат понудени на учениците и се прави распределба на истите по предметни наставници, работата со талентирани учениции и избор на ментори.<br>- За секој класификационен период се анализира успехот на учениците по секој наставен предмет од активот како и успехот на ист предмет доколку во иста година предаваат различни наставниции има големи разлики во просекот на оценките.<br><br>Во одделни активи, како на пример во активот по математика, се изработуваат сумативни тестови на ниво на активот, што допринесува за нивелирање на разликите во оценувањето и го изедначува критериумот на оценување.<br>Членовите од активот често разменуваат искуства кои водат во правец на осовременување на наставата и примена на нови методи и техники на интерактивна настава, односно постои отворена и чесна комуникација и желба да се пренесе искуството.<br>Стручните активи соработуваат и доколку има потреба од интегративен пристап по одредени наставни предмети или содржини. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На крајот  на првото и второто полугодие се доставува извештај за работата  на активот.<br>Во рамки на струните активи се врши планирање и реализирање на интернационални и домашни проекти во кои се вклучуваат учениците во зависност од нивните афинитети и интереси.<br>Од спроведеното интервју со одговорните наставници  на активи, може да се заклучи дека наставниците навремено ги изготвуваат сите планирања на наставните планови и програми и во континуитет работат на нивно осовременување, но и прилагодување на потребите на учениците. |

**Самоевалуација научилиштето:** **Подрачје: Наставни планови и програми**

**Резултати: Овде треба на кратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Целосна реализација на наставните планови и програми одобрени од МОН.
- ✓ Училиштето им нуди на учениците можност за избор на три наставни подрачја со по две групи и оваа постапка се спроведува транспарентно преку информирање на учениците и родителите и анкетирање на учениците.
- ✓ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.
- ✓ Учениците со поддршка на училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари кои се организираат на локално, национално или меѓународно ниво.
- ✓ Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес.
- ✓ Во училиштето се применуваат активни наставни методи и техники за реализација на наставните планови и програми.

**Слабости**

- ✓ Непостоење на иницијативи за измена и дополнување на наставните планови и програми упатени до БРО и МОН, а кои се поврзани со измени и осовременување, прилагодување на временската рамка за реализација на истите, како и укажување дека потребните наставни планови и програми вклучуваат стекнување на сите потребни знаења, вештини, ставови, комптенции, вредности кај учениците.
- ✓ Делумно се работи на програми за поттикнување на посебно надарени и талентирани ученици.
- ✓ Делумно искуство во работата со ученици со посебни образовни потреби.

| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Тие не се разликуваат од програмите кои се спроведуваат во училиштето. Родителите не се во можност да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми, освен во рамки на предавања и работилници на теми кои се од интерес за учениците од различни области. Можност за тоа имаат наставниците кои можат да го заменат традиционалниот начин со активни методи и техники и употреба на ИКТ во наставата. Учениците можат да учествуваат при реализација на програмите преку свое активно учество, со правилно насочување од нивните предметни наставници. Наставниците ги прилагодуваат наставните планови и програми на потребите на локалната средина преку одбележување на значајни датуми, заеднички прослави, посети на театри, кина, опера, музеи и други спортски и културни манифестации, како и соработка со високообразовни и научни институции и невладини организации, при реализација на проекти. Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, родителите и учениците, преку интернет, електронски дневник и информирање од страна на наставниците на класните часови или родителските средби. Учениците, според личните афинитети, преку анкета самостојно, во соработка сонивните родители, избираат задолжителни изборни предмети. На наставници им се овозможува учество на семинари и обуки организирани од МОН И БРО на Р. С. Македонија, или од други институции. Во училиштето има можности за интегративен пристап кон содржините кои се реализираат од повеќе наставни предмети. Ваква настава може да се примени по македонски јазик, странските јазици, предметите од уметничко подрачје, историја, социологија, филозофија, етика, математика и физика, бизнис и претприемништво, економија, менаџмент, како и проектните активности. Наставните планови и програми во голема мера го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло. Тематиките од доменот на раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликти се содржани во наставни предмети: социологија, етика, историја и психологија, бизнис и претприемништво,економија, менаџмент и сл. Во училиштето образованието за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивното здравје, болестите од ХИВ/СИДА и зависности од дроги делумно се реализира во наставните програми по предметите: социологија, етика, педагогија и биологија и преку работилници реализирани од страна на ученици или невладини организации. Образованието за човекови права, граѓанското образование и други теми поврзани со општествената проблематика се реализираат во наставните програми по предметите: социологија, етика, историја, проектни активности–урбана култура, култура за мир, заштита и толеранција. Во училиштето се реализираат вонnаставни активности по повеќе предмети: музичка и ликовна уметност, физичка култура, македонски јазик и литература, програмски јазици, информатичка технологија, социологија, историја, математика, странски јазици (англиски, германски, француски), хемија, биологија и др. Учениците се вклучени во училишни натпревари и проекти, државни и интернационални од различни предмети и области. Секоја нова учебна година се реализираат натпревари во повеќе спортски дисциплини. Воннаставните активности подеднакво нудат можност за вклучување на машките и женските ученици. Воннаставните активности не можат во целост да се реализираат поради преобемните наставни програми. Во училиштето делумно постојат програми за поттикнување на посебно надарени и талентирани ученици. Учениците преку воннаставните активности имаат можност да ги унапредуваат своите потенцијали и спозобности, да градат комуникациски и лидерски |

способности, со што се одбегнуваат негативните влијанија кои се присутни кај младата популација (девијантниот начин на однесување на учениците). Преку овие активности учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите: полот, способноста, етничката и социјалната припадност и сл. Вонначставните активности поттикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и кон наставниците во училиштето. Примената на компјутерската технологија е застапена на сите предмети, особено по периодот на пандемија. Училиштето е солидно опремено со СМАРТ табли, телевизори и ЛЦД проектори, а наставниот кадар е опремен со лаптопови. Во училиштето редовно се одржува дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Во однос на инклузивноста можеме да кажеме дека во моментов немаме ученик со посебни образовни потреби кој се школува во училиштето. Во изминатиот период една ученичка со посебни образовни потреби го заврши своето средно образование во училиштето и до сега имаме позитивно искуство, но постои потреба од развивање на потенцијалите и вештините на наставниците за работа со оваа категорија на ученици.

**Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

1. Стекнување знаења и вештини кај наставниците и стручната служба за работа со ученици со посебни образовни потреби.
2. Продолжување на трендот на вклучување на родителите и локалната заедница во работата на училиштето во различни форми.

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје 2. Постигнувања на ученици**

*Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*

*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*

*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*

*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1 Постигања на учениците**
**2.2 Задржување/осипување на учениците**
**2.3 Повторување на учениците**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**3.1 Планирање на наставниците**
**3.2 Наставен процес**
**3.3 Искуства на учениците од учењето**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **3.1 Планирање на наставниците**<br><br>Досиеја и планирања на наставниците<br><br>Список за педагошка документација на професорите<br><br>Обрасци за педагошка документација (глобални, тематски, дневни, за следење на наставен час)<br><br>Записници од стручни активи | **1.Каков вид планирање прават наставниците за реализација на наставните планови и програми? Дали училиштето има системи за следење на планирањето на наставниците?**<br>Наставниците врз основа на наставните програми пропишани од Биро за развој на образование и одоберни од Министерство за образование изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања за работа. Исто така изготвуваат и планирања за изведување на дополнителна и додатна настава, класен час и програма за работа со родители, како и планирања за реализирање на воннаставни активности. Планирањата се изготвуваат во рамки на стручните активи и индивидуално, преку утврдување на приоритетите во наставниот процес, а со цел да се реализираат целите на воспитно-образовниот процес и во услови на учење на далечина.<br>Во училиштето постои систем за следење на планирањето на наставниците, кое го врши педагошко-психолошката служба и Директорот на училиштето. Овој систем подразбира документирање на планирањата на наставниците и сите пропратни документи кои се потребни за успешно планирање на наставниот процес и следење на нивната реализација.<br><br>**2.Каков вид поддршка им дава училиштето на наставниците за да им помогне тие поефикасно да ги планираат часовите?**<br>Училиштето им дава поддршка на наставниците преку изработка на обрасци и помошни материјали со кои се зголемува ефикасноста на планирањето, од страна на педагошко-психолошката служба. Може да се каже дека над 90% од наставниците планирањата ги изготвуваат во електронска форма. Исто така педагошко-психолошката служба се обидува да ги следи современите наставни тенденции и да воведува новини во процесот на планирање, со што секако се унапредува и воспитно-образовниот процес. Со наставниците приправници, педагошко-психолошката служба работи на советување и менторирање при процесот на планирање со цел да се обучат наставниците-приправници за поуспешно планирање на наставната програма. Педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето вршат увид во пропустите или други проблеми во процесот на планирање наставната програма и нудат решенија односно даваат препораки за надминување на постојната состојба.<br><br>**3. Какви методи користат наставниците за размена на искуства и информации во планирањето?**<br>Наставниците најчесто ги разменуваат информациите и искуствата во рамки на стручните активи, каде споделуваат сопствени искуства и добри практитики од планирањето. Педагошко- |

| | |
|---|---|
| | психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна улога во случаи кога тоа е потребно. Редовно се следат законските дополнувања и измени и службата се обидува да им понуди на наставниците различни обрасци со кои ќе ја унифицира и унапреди водењето на педагошката евиденција.<br>Исто така постои интензивна соработка со наставници од други училишта со кои се разменуваат искуства и добри практики. |
| 3.2 Наставен процес<br><br>**Прашалници** | **4. Дали постои разновидност на адекватни наставни форми и методи: на пр. работа во група, предавања, индивидуална работа, практични активности, користење на ресурси (средства и материјали)?**<br>Наставниот процес по својата природа треба да значи максимум активности со кои ученикот ќе развива креативно мислење, критичко селектирање (определби) и творечко ангажирање секако и во услови на учење на далечина. Во таа смисла педагошката наука нуди алтернативни можности за реализација на наставната содржина преку развивање на различни методи и техники за изведување на наставата со физичко присуство и со далечинско учење. Од интерната евалуација на училиштето како и од одговорите на учениците, родителите и наставниците евидентно е дека интелектуалните потреби на учениците се задоволуваат со примена на разновидни наставни методи. истражување, дискусии, презентации, дебати.<br>Овие податоци потврдуваат дека потребата од примена на наставни методи од различна методолошка природа се нужност во реализацијата на наставата. Но од друга страна, ова го актуелизира прашањето и потребата од поголема стимулација/актуелизација од страна на Министерството за образование, преку подготвување програми за професионален развој на наставниците, организирање проекти, обуки, дебати, работилници за поучување на далечина. Дел од овие потреби се унапредија со воведување на професионалниот развој на секој наставник. Професионалниот развој во училиштето се планира на индивидуално и на ниво на училиштето. Врз основа на детектираните потреби, се дефинираат областите и обуките за развој на учениците.<br>Само на тој начин, кај наставниците континуирано ќе се развива свеста за повисок степен активности на часот, поголема одговорност во подготвката на наставните планови и поголема мотивација чија цел ќе биде постигнување поголем успех кај учениците.<br>Од постигнатите резултати во наставата, евидентно е дека не изостанува примената на наставни методи за критичко и креативно мислење кај учениците. Успешно изработените проекти во училиштето, покажуваат дека во реализацијата се вклучени  постојните ресурси на училиштето и ресурсите на локалната средина (претпријатија, фирми, донации) и во услови на актуелната пандемија во светски рамки.<br>Месечните, тромесечните, полугодишните и годишните извештаи покажуваат висок успех постигнувања на учениците, кој несомнено се должи на примена на наставни методи кои ги задоволуваат потребите на учениците за критичко и креативно мислење и изразување. |

| | |
|---|---|
| | **5. Дали наставниците користат различни форми за интеракција со учениците како на пример: поставување прашања, водење дискусии, индивидуална настава, повратни информации или други методи?**<br>Педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето во секој класификационен период ја следат работата на наставниците и ги интервјуираат класните заедници за примената на интерактивни техники, како поставување прашања, водење дискусии, индивидуална настава, повратни информации и други методи. Врз основа на ова и комуникацијата со родителите од родителските совети, се добиваат информации за употребата на овие методи во работата на наставниците. Исто така и извештаите за работата на наставниците, по активи и по постигнати резултати на крајот на тримесечните, полугодушните и годишните извештаи даваат делумни информации за користењето на современи наставни методи и техники.<br>Наставниците се обврзани во 30% од наставата да употребуваат КТ, што уредно се реализира и заведува во планирањата, е-дневниците и дневните подготовки. Во услови кога целата настава се одвиваше на далечина речиси целосно наставата се одвиваше со употреба на ИКТ. Училиштето вложува многу во технички и материјални услови и располага со ЛЦД Проектори и компјутери во секоја училница, телевизори и училници со СМАРТ табли и кабинети целосно опремени со нови компјутери и преносни компјутери за сите наставници кои секако многу придонесуваат за унапредување на воспитно-образовниот процес и во вонредни услови.<br>Генерално, врз основа на добиените податоци и постојните материјано-технички услови со кои располага училиштето, можеме да кажеме дека во голема мерка се употребуваат современи техники и методи и во вонредни услови.<br>Несомнено е дека учениците преку својата работа, јасно укажуваат на потребата од интензивирање на активната настава, како основа на современото училиште.<br><br>6. **Дали машките и женските ученици подеднакво се третираат при испрашување, користење на ресурсите, индивидуалната настава и повратните информации. Дали постојат стереотипи за машки и женски активности и професии?**<br>Со оглед на социјалниот статус на запишните ученици, јасно е дека пристапот и работата со учениците е определен токму од нивниот социјален и културен код(екс). Оттука, речиси и да не се забележани некакви форми на стереотипи или пак, предрасуди по однос на половата припадност. Честите дебатни активности ја актуелизираат темата за половите стереотипи. Свеста на учениците покажува дека тоа прашање за нив е одамна апсолвирано.<br>Според активностите и проектите кои се реализираа досега, речиси идентичен е бројот на машки и женски ученици-претставници на нашето училиште.<br>Во таа смисла, и во наставните и во вон наставните активности, особено е развиена свеста кај наставниците за почитување на личноста на ученикот и полова еднаквост при поделбата на активностите. Досегашните постигнати резултати (месечни, полугодишни и годишни извештаи) потврдуваат дека во училиштето не постојат проблеми и значајни разлики од оваа природа. |

| | |
|---|---|
| | 7.**Како училиштето ја оценува работата на наставниците? Како резултатите од ваквото оценување се користат во планирањето на професионалниот развој на наставниците и давањето поддршка за нивните образовни потреби?**<br>Училиштето особено работи на прашањето за проценка на работата на наставниците. Освен тековните средби на Директорот и педагошката служба со учениците и претседателите на класовите, најчесто значат интервенција во делот на работата на оние наставници каде што е очигледен недостаток на координација и интеракција со учениците.<br>Најголем показател на работата на наставниците е интерната евалуација во организација и под целосна реализација на педагошко- психолошката служба и Директорот на училиштето. Анкетата спроведена во сите класови од четирите години образование во голем процент ги детектира и актуелизира проблемите на наставниците кои имаат потреба од поголема мотивација во прифаќање на обврските и одговорностите на дејноста.<br>Врз основа на добиените податоци, педагошката служба и директорот на училиштето обавуваат советодавни разговори со наставниците и учениците, со цел да се надмине состојбата.<br>Врз основа на проблемите кои доминираат на ниво на наставен колектив, се одредуваат темите за обуки и професионален развој на наставниците.<br>Изминативе години е интензивирана работата на ученичката заедница која со своите активности иницира различни активности за унапредување на работата на училиштето, особено во насока на квалитетот на предавањата или процесот на оценување. |
| 3.3 Искуства на учениците од учењето | 8. **На кој начин училишната средина ги стимулира и мотивира машките и женските ученици, учениците од различно етничко и социјално потекло и учениците од различни стилови на учење?**<br>Со толеранција, со градење вредности на културата, со наградување на трудот и креативноста, училиштето активно учествува во стимулацијата и мотивацијата на учениците. Фактот дека во училиштето се запишуваат и успешно интегрираат ученици од различни националности, ученици со специјални потреби, ученици од различно социјално потекло, покажува дека училиштето успешно ја реализира својата воспитна дејност.<br>Негувањето на индивидуалниот пристап во наставата, овозможува делумно да наставниците ги прилагодат наставните планови и нивниот начин на работа во зависност од стилот на учење на учениците, а потешкотии се јавуваат во услови на целосно поучување на далечина.<br><br>9. **Дали во училиштето се изложуваат трудовите на учениците? Дали изложените трудови подеднакво ги претставуваат учениците од обата пола, сите етнички групи и сите ученици со различни способности за учење?**<br>Во согласност со поставените цели на воспитно- образовната дејност, според кои ученикот во наставата треба да се почитува по неколку основи, во наставата посебно се посветува внимание на респеткитрање на следнива аспекти на развојот на личноста на ученикот: |

| | |
|---|---|
| | <br><br>Оттука, во оваа смисла, посебно се третира прашањето за презентација на трудовите на учениците, подеднакво од двата пола и од сите етнички заедници. Најчесто ова се реализира преку објавување на ученички трудови во училиниците, изготвување на изложби, приредби и проекти, како и објавување на информации за постигнувањата на учениците на наставничките совети, објавување на веб страната на училиштето, документирање во базите на училиштето, папките на паралелките и сл.<br>Во најголем дел, тоа е доказ за примената на новите наставни методи, според кои, презентацијата/транспарентното прикажување е клучен фактор за развој на критичкото и креативното мислење.<br><br>**10.Дали учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето/наставата и како?**<br>Природата на пристапот и работата во училиштето, од учениците гради креативни личности со свест за критичко размислување. Во духот на мисијата на училиштето, учениците активно |

| | |
|---|---|
| | учествуваат во креирањето на наставата и наставниот процес во целост. Во последниве две години многу се работеше на зајакнување на капацитетите на ученичката заедница преку органзирање на обуки за учениците од невладини организации и под менторство на професори и педагошко-психолошката служба. Резултат на овие напори е изготвена програма за работа на ученичката заедница, која до сега успешно се реализира, редовно одржување на состаноци и организирање на активности во училиштето (дебати, ORCE TALKS, забави, изготвување на ФБ страна, веб страна, лого и сл.). Се очекува и во иднина да продолжи да работи успешно ученичката заедница УЗО и да стане активен партнер со цел унапредување на училишниот живот.<br><br>**Овие податоци се најголем показател дека учениците имаат развиена свест за самостојно размислување и активно учество во работата на училиштето, како подготовка за успешна интеграција во општеството.** |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</td></tr>
<tr><td>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</td><td>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Интернет прашалник за наставници, ученици и родители</td><td>Тим од наставници, родители и ученици</td><td><u>Одговори од прашалници за родители:</u><br><br>1. 81% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците користат разновидни наставни форми и методи во редовната и он лајн наставата со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.<br>2. 79% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу учениците.<br>3. 77% од родителите целосно или делумно сметаат дека на учениците им се даваат соодветни домашни задачи кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето.<br>4. 84% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците во наставниот процес користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.).<br>5. 88% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците се однесуваат кон ученикот на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>6. 80% од родителите целосно или делумно сметаат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>7. 78% од родителите целосно или делумно сметаат дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br>8. 68% од родителите целосно или делумно сметаат дека училиштето</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување.<br>9. 79% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците.<br>10. 77% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците даваат конкретни информации за постигнувањата на учениците, начинот и критериумите на оценување како и препораки како ученикот да го постигне својот максимум.<br>11. 88% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови, електронски преку е-маил или со физичко присуство.<br><br>Од овие одговори на родителите се забележуваат високи проценти на задоволство од употребата на разновидни наставни форми и методи во наставниот процес, користење на интерактивни методи , соодветни домашни задали, како и користење на разновидни материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.).<br>Висок процент од родителите сметааат дека дека наставниците се однесуваат кон ученикот на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање и дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат и  дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br>68% од родителите целосно или делумно сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување.<br>Родителите во најголема мерка сметаат дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците и  даваат конкретни информации за постигнувањата на учениците, начинот и критериумите на оценување како и препораки како ученикот да го постигне својот максимум.<br>Висок процент (88%) од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови, електронски преку е-маил или со физичко присуство. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **<u>Одговори од прашалници за ученици:</u>**<br><br>1. 64% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците користат разновидни наставни форми и методи во редовната и он лајн наставата со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.<br>2. 80% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу учениците.<br>3. 70% од учениците целосно или делумно сметаат дека на учениците им се даваат соодветни домашни задачи кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето.<br>4. 88% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците во наставниот процес користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.).<br>5. 76% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците се однесуваат кон ученикот на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>6. 73% од учениците целосно или делумно сметаат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>7. 70% од учениците целосно или делумно сметаат дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br>8. 67% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците.<br>9. 70% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците даваат конкретни информации за постигнувањата на учениците, начинот и критериумите на оценување како и препораки како ученикот да го постигне својот максимум.<br>10. 70% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови, електронски преку е-маил или со физичко присуство. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од овие одговори на учениците може да се заклучи дека висок процент од учениците сметаат дека наставниците користат различни наставни материјали интерактивни методи за успешно реализирање на наставата, ги поттикнуваат талентираните ученици да работат на проекти и натпревари, даваат соодветни домашни задачи, користат разновидни наставни материјали.<br>Висок процент (85%) ученици се задоволни од работата на класните раководители и имаат на кого да му се обратат за помош кога им е потребно.<br>Тие исто така сметаат дека во училиштето има голем број на активности кои се интересни и пријатни за учениците.<br><br>Одговори на учениците застапени во пониски проценти:<br><br>1. 50% од учениците целосно или делумно сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување.<br><br>Од овие одговори на учениците може да се заклучи дека учениците добиваат делумни информации за постигнувањата на учениците и дека училиштето може да ја унапреди својата работа во насока на подобрување на работната атмосфера, начинот на оценување и предавање.<br><br>**<u>Одговори од прашалник за наставници:</u>**<br><br>1. 83% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците користат разновидни наставни форми и методи во редовната и он лајн наставата со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.<br>2. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу учениците.<br>3. 83% од наставниците целосно или делумно сметаат дека на учениците им се даваат соодветни домашни задачи кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето.<br>4. 97% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците во наставниот процес користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.). |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. 89% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците се однесуваат кон ученикот на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>6. 88% од наставниците целосно или делумно сметаат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>7. 97% од наставниците целосно или делумно сметаат дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br>8. 80% од наставниците целосно или делумно сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување.<br>9. 97% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците.<br>10. 93% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците даваат конкретни информации за постигнувањата на учениците, начинот и критериумите на оценување како и препораки како ученикот да го постигне својот максимум.<br>11. 99% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови, електронски преку е-маил или со физичко присуство.<br><br>Од добиените одговори од наставниците може да се заклучи дека користат разновидни наставни форми и методи во редовната и он лајн наставата со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум и дека  преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу учениците,  дека на учениците им се даваат соодветни домашни задачи кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето и користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.).<br><br>Висок процент на наставници смета дека се однесуваат кон ученикот на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и |

| | | |
|---|---|---|
| | | да изведуваат заклучоци за она што го учат и заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br>Висок процент од наставниците сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување, користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците и даваат конкретни информации за постигнувањата на учениците, начинот и критериумите на оценување како и препораки како ученикот да го постигне својот максимум.<br>Наставниците во целина сметаат дека се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови, електронски преку е-маил или со физичко присуство. |

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| **Клучни јаки страни**<br><br>✓ уредно водење и изработка на годишни, тематски и дневни планирања и за дополнителна, додатна и класен час;<br>✓ користење на различни форми на интеракција во работата со учениците и задавање соодветни домашни задачи, користење на современи материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.) ;<br>✓ постигнати високи резултати на сите регионални, државни натпревари и олимпијади;<br>✓ организирање и успешно реализирање на многу проекти (државни и меѓународни) кои учениците ги сметаат за интересни;<br>✓ заемно почитување, помош, соработка и разбирање, охрабрување на учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. |
| **Слабости**<br><br>✓ Навремено идентификување сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување.;<br>✓ Изложување и промовирање на трудовите и успесите на учениците надвор од училиштето. |

| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Наставниците врз основа на наставните програми пропишани од Биро за развој на образование и одоберни од Министерство за образование изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања за работа. Исто така изготвуваат и планирања за изведување на дополнителна и додатана настава. Планирањата се изготвуваат во рамки на стручните активи и индивидуално, преку утврдување на приоритетите во наставниот процес, а со цел да се реализирааат целите на воспитно-образовниот процес и во услови на учење на далечина<br>Во училиштето постои систем за следење на планирањето на наставниците, кое го врши педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето. Овој систем подразбира документирање на планирањата на наставниците и сите пропратни документи кои се потребни за успешно планирање на наставниот процес и следење на нивната реализација.<br>Училиштето им дава поддршка на наставниците преку изработка на обрасци и помошни материјали со кои се зголемува ефикасноста на планирањето, од страна на педагошко-психолошката служба.<br>Може да се заклучи дека наставниците користат разновидни наставни форми и методи во редовната и он лајн наставата со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум и преку користење на интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу учениците, а на учениците им се даваат соодветни домашни задачи кои им помагаат да постигнат подобри резултати во учењето и користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет, апикации, линкови, клипови, покасти и сл.).<br>Наставниците најчесто ги разменуваат информациите и искуствата во рамки на стручните активи и организираните заеднички работилници каде споделуваат сопствени искуства и добри практитики од планирањето и реализирањето на наставата на далечина. Педагошко-психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна улога во случаи кога тоа е потребно.<br>Наставниците користат современи наставни техники и методи со кои ја поттикнуваат групната работа, како и различните начини на изразување на способностите, креативноста и потенцијалите на учениците.<br>Во училиштето се води политика на правична застапеност и вклученост на учениците.<br><br>Со толеранција, со градење вредности на културата, со наградување на трудот и креативноста, училиштето активно учествува во стимулацијата и мотивацијата на учениците.Фактот дека во училиштето се запишуваат и успешно интегрираат ученици од различни националности, ученици со специјални потреби, ученици од различно социјално потекло, покажува дека училиштето успешно ја реализира својата воспитна дејност.<br>И покрај негувањето на индивидуалниот пристап во наставата, во услови на настава на далечина наставниците делумно успеаја да ги прилагодат наставните планови и нивниот начин на работа во зависност од стилот на учење на учениците.<br>Презентирањето на трудовите и резултатите на позтигнувањата на учениците во најголема мера се прави интерно во рамки на наставниот колектив и учениците, без посебна медиумска покриеност, што би можело да се унапредува во иднина.<br><br>Учениците активно учествуваат во креирањето на наставата и наставниот процес во целост преку своите класни заедници и училишната заедница, кој во изминатиот период ги зајакна своите капацитетите преку различни обуки и активности под менторство |

| |
|---|
| на професори и педагошко-психолошката служба. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>1. Навремено идентификување сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување.;<br>2.Изложување и промовирање на трудовите и успесите на учениците надвор од училиштето. |

**Самоевалуација на училиштето: СУГС Гимназија "Орце Николов" Скопје**

**Подрачје : Поддршка на учениците**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште, а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>● Севкупна грижа за учениците<br>● Здравјето и пост-конфликтните трауми<br>● Соодветна помош на учениците<br>● Следење на напредокот |

**Самоевалуација на училиштето: СУГС Гимназија “Орце Николов” Скопје**

**Подрачје: Поддршка на учениците**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>Извештаи и анализи од стручната служба;<br>Годишна програма за работа на класниот раководител | **1.Колку се ефективни формите и активностите кои се користат за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштитата на машките и женските деца, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби?**<br>Активностите за унапредување на ментално и физичко здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните физички, емоционални и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност се еден од основните императиви на нашето училиште. Во таа насока, за обезбедување на заштитата и благосостојбата на учениците во наставно образовниот процес се преземаат следните активности:<br>● Поттикнување на индивидуален пристап кон ученикот и неговата личност преку активните форми на интерактивната настава, понудена плејада од воннаставни активности, каде што ученикот може да избира според сопствените афинитети и нтеререси.<br>● Обезбедување безбедна, уредна и пријатна училишна средина, со обезбедено дежурство во двете смени на наставата од страна на дежурни наставници.<br>● Позитивна работна атмосфера - секој наставник во рамките на своите индивидуални креативни и инвентивни можности е максимално ангажиран за попријатна атмосфера на своите часови.<br>● Зголемување на воспитната функција на класниот раководител - Секој класен раководител, на почетокот на секоја учебна година подготвува годишен глобален план и содржини по месеци и недели, за содржината и темите кои ќе ги работи на класниот час. На класните часови се обработуваат и теми од Образование за животни вештини, прилагодени за соодветна возраст и изготвува дневни подготовки за класен час.<br>● Зголемување на советодавната помош на стручната служба во училиштето за надминување на емоционалните потешкотии на учениците. Педагошко-психолошката служба во нашето училиште, се грижи и е постојано отворена за соработка и помош како на наставниците, кога се обраќаат за помош при работата со некој ученик кој има проблем, така и индивидуално со секој ученик кој самостојно и самоиницијативно се обраќа и бара помош. Исто така во рамки на службата покрај индивидуалните се реализираат и групни советувања на родители и ученици, |

| | |
|---|---|
| | според постојните законски одредби.<br>● Соработка со Центарот за социјални грижи (следење на условите во кои живеат учениците);<br>● Интензивна соработка со Здравствениот дом - Секоја година се организираат систематски прегледи и ревакцинација на учениците и стоматолошки прегледи.<br>● Во училиштето се води грижа и се има посебен пристап за учениците со посебни образовни потреби (Индивидуален образовен план и диференцирани цели – во планирањето и реализирањето на наставниот процес)<br>● Во училиштето постои видео надзор и обезбедување од двајца претставници од агенција за обезбедување кои се присутни во училиштето во две смени. Со агенцијата се регулирани заедничките облици на соработка преку изготвен Правилник за регулирање на соработката со службата за обезбедување во училиштето.<br>● Изработен е план за активности за превенција на насилство во училиштето и секоја година се реализирааат заеднички активности со претставници од МВР и Град Скопје на поле на превенција и справување со насилство.<br>● Редовноста и безбедноста на учениците е обезбедена со редовно сообраќање на линијата 15 А која сообраќа од Ново Лисиче до Карпош 4 по улицата „Илинденска“ и 8 од Влае до Бутел .<br>● Проектите како Мултиетничка интеграција во образованието како и Креирање култура за родова еднаквост“ и проектите од Еразмус + програмата со активностите кои ги вклучува на класните часови, одржаните вебинари, снимени видеа, работилници, фото-изложби, истражувања и сл. овозможува подигнување на свесноста на учениците за мултиетничкото општество во кое живееме. |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>Годишна програма за работа на стручната служба;<br>Извештаи и анализи од стручната служба;<br><br>Записници од Совет на родители и Училишен Одбор; | 2. **Како училиштето ги оценува емоционалните, физичките и социјалните потреби на сите машки и женски деца? Што училиштето прави во врска со таквите потреби?**<br><br>Училиштето преку педагошко-психолошката служба, класните раководители и предметните наставници, во кои учениците имаат доверба, ги оценува емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици, низ постојана комуникација и соработка со родителите. Најчесто, кога учениците се обраќаат за помош, совет или поддршка за своите проблеми или потреби од било кој карактер, независно од полот на ученикот, сите наставници преку разговор, советување, емпатија, поддршка им помагаат во решавањето на проблемот или задоволувањето на потребата или ги упатуваат до надлежните институции.<br><br>**3. На кој начин се врши известување за оние машки и женски ученици за кои постои сомневање дека се ментално или физички злоупотребувани?** |

| | |
|---|---|
| | Случаи на ментална или физичка злоупотреба се многу ретки во училиштето.<br>Доколку се забележи таква појава, веднаш интервенираат најпрво класните раководители или самите ученици, раководителите на смени, педагошко - психолошката служба која ги вклучува родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата. Доколку има потреба се комуницира со надлежните институции како Центар за социјална работа или МВР.<br>Последиве години, се работи на подигнување на свесноста за меѓуврсничкото насилство-булинг, преку работилници и проекти, со цел да се препознае и преземат активности за негово спречување.<br>Во учебната 2021/2022 год. во училиштето се спроведоа активности во рамки на проектот „Младите за децата“, проект поддржан од Европската комисија и спроведено истражување за менталното здравје на учениците во училиштето.<br>Се спроведоа активности на тема „Унапредување на вештините за справување со насилство преку интерактивни вештини“ со вклученост на наставници, стручни соработници и ученици, во организација на професори од Филозофски факултет и БРО.<br>Во учебната 2022/2023 година се реализираа работилници со ученици за унапредување на менталното здравје на учениците во соработка на училишниот психолог Ана Попризова и проф. Билјана Штрбац. Се реализираа обуки и работилници на педагошко-психолошката служба и ученици во рамки на проектот „Ментално здравје кај младите“ во организација на Мозаик со поддршка од Град Скопје.<br>На ниво на целото училиште се спроведе истражување преку прашалници за сите ученици, со цел испитање на ставовите и мислењата на учениците за безбедноста во училиштето, застапеноста на различни видови насилство и идеи и начини за надминување на овој проблем, со што би се подобрила училишната клима.<br>Во учебните 2021/2022 и 2022/2023 години продолжува соработката со Град Скопје и СВР во рамки на проектот „Безбеден град“.<br><br>**4. Дали во училиштето постојат случаи од потреба за згрижување на ученици со посебни образовни потреби?**<br><br>Во нашето училиште во учебните 2021/2022 и 2022/2023 години во воспитно-образовниот процес не беа вклучени ученици со посебни образовни потреби. |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br>Годишна програма за работа на | **5. Како училиштето ги открива и дава известувања за учениците со физички и ментални здравствени проблеми, за оние со образовни потреби, пост-конфликтни трауми?**<br>Училиштето преку класните и предметните наставници ги добива потребните сознанија во однос |

| | |
|---|---|
| стручната служба;<br>Извештаи и анализи од стручната служба;<br><br>Записници од класните совети;<br><br><br><br><br>Администрација на класни раководители и ПП служба | на ученици со физички и ментални здравствени проблеми, како и оние со образовни потреби или пост-конфликтни трауми, а во соработка со родителите. Како резултат на овие сознанија во училиштето се преземаат:<br>● Индивидуални разговори со ученикот, доколку се идентификува проблем или се почувствуваат одредени промени во неговото однесување, најпрво со класниот раководител, некој од предметните наставници во кои ученикот има доверба или со стручната служба;<br>● Индивидуални разговори со родители;<br>● Соработка со класните заедници;<br>● Во одредени случаи се советува ученикот да побара стручна помош во соодветни институции, Центар за ментално здравје, Центарот „Сакам да знам“ и Дневна болница „Бардовци“.<br>**6. Какви системи има училиштето за работа со машки и женски ученици кај кои се идентификувани постконфликтни трауми?**<br>Во училиштето нема случаи на ученици кај кои се идентификувани пост-конфликтни трауми.<br>**7. Какви системи користи училиштето за работа со ученици кај кои се иденифткувани здравствени проблеми?**<br>Нашето училишто има изградено систем за идентификување на ученици со здравствени проблеми. На почетокот на секоја учебна година преку класните раководители  се известуваат учениците и родителите доколку сметаат дека има потреба да информираат за здравствената состојба на ученикот да достават  известување и документ за емоционалната и здравствената состојба до класниот раководител или психолошко-педагошката служба.<br>За учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, класниот раководител или стручната служба ги известуваат наставниците и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности.<br>Доколку учениците имаат здравствени проблеми кои подразбираат подолготрајно отсуство, се упатуваат на разговор во педагошко-психолошката служба, и врз основа на состојбата се регулира случајот според постојната законска регулатива. Наставниците се запознени со состојбата и излегуваат во пресрет на потребите на ученикот. |
| | **8. Какви активности преземате за да ги охрабрите младите бремени девојки да продолжат со своето редовно школување?**<br>Нашето училиште нема случаи на прерана бременост, при што младите бремени девојки не го завршиле своето школување. Доколку во иднина се појават такви случаји и тие не се во можност да следат редовна настава, поради поодмината бременост, во разговор со родителите им се |

| | |
|---|---|
| | советува да го продолжат школувањето, а како алтернатива им се нуди вонредното завршување на годината. На ученичките, согласно со Законот за средно образование им се овозможува полагање на испити и доофрмување на образованието. |
| Годишен извештај за работата на училиштето | **9. Како училиштето обезбедува заштита и безбедност во неговите простории и заштита и безбедност при користење на машини или научни инструменти?**<br><br>Во училиштето постои систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците и е изготвен Правилник кој ги регулира правата и обврските на сите субјекти:<br><br>• секојдневно (во работните денови) има дежурни професори<br>• во деновите на викендот постои дежурна служба од техничкиот персонал<br>• ноќната смена ја покрива ноќен чувар на училиштето<br>• воведено е обезбедување од агенција за обезбедување<br><br>Доколку учениците работат лабораториски или компјутерски вежби, тие се изведуваат во присуство на предметен професор кој ги информира учениците за тоа како треба да се однесуваат во лабораторија, библиотека, спортска сала, училница со компјутери и останатите простории во училиштето (Однесувањето е регулирано со Кодекс за однесување на сите субјекти во училиштето). |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Годишен извештај за работата на училиштето;<br>Увид во дневниците за работа | **10. На кој начин училиштето ги информира машките и женските ученици и родителите за помошта што можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба во училиштето?**<br>За помошта што машките и женските ученици можат да ја добијат од педагошко-психолошката служба, училиштето ги информира учениците и родителите преку класните раководители и тоа:<br>• на родителските средби;<br>• на индивидуалните средби со родителите;<br>• на класните часови<br>• преку писмено или телефонско (смс порака) известување доколку се појави проблем<br>• преку групно советување на родители и ученици кое се реализира на секој класификационен период преку е-маил комуникација<br>• преку информации на веб страницата на училиштето |
| Годишна програма за работа на училиштето | **11. Како училиштето им помага на машките и женските ученици во изборот на натамошното образование, обука или вработување?**<br><br>Во врска со професионалната ориентација на учениците, нашето училиште во рамки на наставните планови и програми за реформираното гимназиско образование ги презема следните активности:<br><br>● при понуда за избор на изборните предмети во II година и изборните подрачја во III година, училиштето дава информации преку одржување на родителски средби, преку печатен |

| | |
|---|---|
| | информативен материјал во кој се објаснети наставните програми на предметите и проодноста на подрачјата на Универзитетите во Р. С. Македонија, како и информации на ВЕБ страницата на училиштето.<br>● Училиштето спроведува анкети за избор на проектни активности, со цел преку изборот на областа од проектната активност да им се овозможи на учениците помош при определувањето и изборот на нивната идна професија;<br>● Организирање посети на саеми кои ги организираат универзитетите од Р. Македонија како и од странство, за промовирање на своите наставни програми, можностите за професионална ориентација при изборот на струка и занимање;<br>● За учениците од IV и III година училиштето им овозможува услови за презентација на профилите, плановите и програмите на факултетите кои искажуваат желба да се презентираат пред нашите ученици;<br>● Следење на учениците од страна на класниот раководител во текот на целокупното нивно школување и давање мислење за афинитетите на поедини ученици;<br>● Организирани посети на разни стопански и нестопански организации, предавања од страна на претставници на бизнис секторот и сл.<br>● Во училиштето работи Центар за кариерен развој;<br>● Посета на Центри за професионална ориентација каде учениците можат да добијат подетални препораки и советување во однос на избор на својата идна професија.<br>● Училиштето има разработена алумни мрежа на поранешни ученици кои се сега успешни магистри и докторанди на различни универзитети во земјава и странство, кои одржуваат настани на кои со сегашните ученици споделуваат свои искуства за процесот на апликација како и за условите и предизиивците од процесот на студирање. |
| Годишен извештај за работата на училиштето;<br>Статистички извештаи;<br>Записници од Класни совет;<br>Записници од државен просветен инспектор;<br>Увид во електронски дневник;<br><br>Годишен извештај за работа на стручната служба | **12. Дали училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната присутност/редовност, нивното поведение и развој во училиштето?**<br>Училиштето посветува особено внимание на водењето евиденција за редовноста, напредокот и поведението на учениците.<br>Постојаната и севкупна евиденција за успехот, поведението и редовноста на учениците, ја вршат класните раководители. Предметните наставници, во рамки на своите работни обврски ги евидентираат постигнувањата на учениците за секој класификационен период и за секој наставен час.<br>Евидентираните податоци, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, кои пак според потребите и можностите преземаат активности за подобрување на состојбите. |

| | |
|---|---|
| | Родителите перманентно добиваат известувања за состојбата со постигнувањата и изостанувањата на учениците преку електронскиот систем со кој се поврзани со електронскиот дневник во кој предметните професори и класните раководители редовно ги внесуваат овие информации.<br><br>Училиштето подготвува статистички извештаи и анализи на ниво на години и на ниво на целото училиште, врз основа на кои носи заклучоци и предлага мерки за подобрување на состојбата.Овие податоци се детално прикажани во Подрачје 2.<br><br>Во училиштето постои пракса на редовно известување на наставниците за отсуства и боледувања на учениците и  редовно регулирање на изостаноците.<br><br>**13. Дали ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и на учениците?**<br><br>Евиденцијата за редовноста и поведението на учениците, им е достапна на сите субјекти во училиштето и тоа:<br><br>● На предметните професори, на секој наставнички колегиум кога на дневен ред е успехот и поведението на учениците, во секој класификационен период;<br><br>● На педагошко-психолошката служба кога се појавува некој проблем со изостаноците или однесувањето на учениците;<br><br>● Класниот раководител редовно ги информира учениците на класните часови;<br><br>● Класниот раководител ги информира родителите за успехот и поведението на учениците како на родителските средби, така и индивидуално, на часовите за прием на родители, како и по електронски пат, преку смс пораки и електронски дневник;<br><br>● Директорот на училиштето на средбите на Родителскиот одбор како и на средбите на Советот на родители, ги информира родителите за постигнатите резултати и предлага мерки за подобрување на истите, врз основа на постојните податоци.<br><br>**14. Како евиденцијата се користи за да се подобри наставата, работата на советодавните служби за професионална ориентација итн.?**<br><br>Педагошката евиденција ја користи и стручната служба за следење на напредокот на учениците, успехот, редовноста и поведението, со цел  подобрување на одредени состојби и надминување на недостатоците.<br><br>На класните совети, класните раководители ги изложуваат сознанијата за успехот, поведението и редовноста на учениците од својот клас.<br>Во случаите кога постои проблем  се предлагаат и преземаат соодветни педагошки мерки за |

| | |
|---|---|
| | надминување на недостатоците.<br><br>На класните совети исто така се пофалуваат и наградуваат учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение или покажале високи резултати во наставата и воннаставните активности. |
| Архива на училиштето;<br>Годишен извештај за работа на стручната служба;<br>Хронолошки дневници на стручна служба;<br>Исписници (преведница за друго училиште) | **15. Какви податоци се доставуваат до она училиште во кое ученикот преминува и/или дали добивате такви податоци од училиштето од кое доаѓа/преминува након ученик?**<br><br>Училиштето води евиденција  за учениците кои се испишуваат или запишуваат во училиштето, според постојната законска регулатива.<br><br>Пред почеток на учебната година училиштето ги известува основните училишта од кои доаѓаат учениците дека нивните поранешни ученици се запишале во училиштето.<br><br>При преминувањето на ученик од едно во друго училиште, училиштето на ученикот му издава исписница во која се впишуваат оценките и изостаноците на уценикот. За веродостојноста на податоците потврдуваат класниот раководител и директорот на училиштето. Ученикот запишан во друго училиште, во нашето училиште ја враќа испратницата. Со ова, постапката за премин е завршена.<br><br>За оние ученици кои се испишуваат од училиштето и школувањето го продолжуваат надвор од државата, информации за нивниот напредок се добиваат по електронски пат, а исто така и нашето училиште постапува во случаи на барања од наши ученици кои заминуваат во странство.<br><br>Целокупната документација соодветно се архивира во училиштето.<br><br>**16. Во отсуство на такви податоци, како се добиваат информации за таквите ученици?**<br><br>Во нашето училиште, а и пошироко, не постои систем за организирано следење на напредувањата на учениците кои доаѓаат од други училишта и  тие се примаат за редовни ученици  само доколку доставaт соодветна документација која е пропишана според постојната законска регулатива и нострифицирана од соодветната служба при Министерство за образование и наука. |

Самоевалуација на училиштето: СУГС Гимназија “Орце Николов” Скопје

Подрачје: Поддршка на учениците

| Собирање на податоци (и) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Прашалник за родители, ученици и наставници | Директор;<br>Стручна служба;<br>Наставници | <u>Одговори од прашалник за родители:</u><br>1. 80% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот ја почитува личноста на секој ученик.<br>2. 77% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други.<br>3. 72% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот интервенира при конфликт меѓу учениците.<br>4. 71% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот подеднакво се однесува кон сите ученици без обзир на пол, етничка припадност и способности.<br>5. 72% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот му посветува внимание на секој ученик.<br>6. 70% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот внимава во групната работа сите да учествуваат.<br>7. 77% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот ги поттикнува учениците да работат самостојно.<br>8. 62% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците сами да одлучат за изборот на задачите.<br>9. 73% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот е објективен и непристрасен во односот со учениците.<br>10. 79% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот служи како пример со својот изглед и однесување.<br>11. 79% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот овозможува позитивна, поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера.<br>12. 81% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот |

| | | |
|---|---|---|
| | | помеѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање, соработка и почитување.<br>13. 77% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставникот води сметка за потполна дискреција за прашања од личниот и семејниот живот на учениците.<br>14. 49% од родителите целосно или делумно и 48% не знаат, дека наставникот има потреба да посетува обука за работа со деца со посебни потреби<br>15. 92% од родителите целосно или делумно сметаат дека наставниците користат информатичката технологија за комуникација со учениците и родителите.<br><br>Одговорите на родителите се во висок процент позитивни кога се однесуваат на прашања поврзани со добросотојбата на учениците (безбедноста, политики за справување со насилство и зависности), како и развивањето на свеста за хуманост и другарство, межусебно разбирање, соработка и политување.<br><br>Од овие високи проценти на задоволство може да се заклучи дека родителите се задоволни почитување на етничка, верска, национална, јазична прифатеност на учениците, како и процедурите за ученици кои имаат здравствени проблеми.<br><br>Висок процент од родителите сметаат дека наставникот ја почитува личноста на секој ученик, дека наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други, дека наставникот интервенира при конфликт меѓу учениците, дека наставникот посветува внимание на секој ученик, ја поттикнува учениците да работат самостојната и групната работа на учениците. Со висок процент ја оценуваат објективноста во односот со учениците, позитивна, поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера, исполента со меѓусебно разбирање, соработка и почитување.<br><br>Многу е висок процентот од родителите кои сметаат дека наставниците користат информатичката технологија за комуникација со учениците и родителите.<br><br>62% од родителите сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците сами да одлучат за изборот на задачите.<br><br>Низок е процентот од родителите кои сметаат или не знаат за потребата на наставникот да посетува обука за работа со деца со посебни потреби и дека во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од одговорите на родителите може да се заклучи дека во училиштето се води евиденција за напредокот на учениците, дека тој им се соопштува на учениците и дека наставниците даваат препораки за силните и слабите страни на улчениците во процесот на сувојување на материјалот. Исто така постои добра соработка помеѓу сите субјекти во училиштето во насока на давање поддршчка на учениците за постигнување на подобри резултати.<br><br><u>Одговори од прашалници за ученици:</u><br><br>1. 60% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот ја почитува личноста на секој ученик.<br>2. 85% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други.<br>3. 77% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот интервенира при конфликт меѓу учениците.<br>4. 65% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот подеднакво се однесува кон сите ученици без обзир на пол, етничка припадност и способности.<br>5. 60% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот му посветува внимание на секој ученик.<br>6. 78% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот внимава во групната работа сите да учествуваат.<br>7. 82% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот ги поттикнува учениците да работат самостојно.<br>8. 52% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците сами да одлучат за изборот на задачите.<br>9. 61% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот е објективен и непристрасен во односот со учениците.<br>10. 71% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот служи како пример со својот изглед и однесување.<br>11. 70% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот овозможува позитивна, поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера.<br>12. 71% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот помеѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање, соработка и почитување.<br>13. 59% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставникот води сметка за потполна дискреција за прашања од личниот и семејниот живот на учениците. |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>
14. 56% од учениците целосно или делумно сметаат и 36% не знаат дека наставникот има потреба да посетува обука за работа со деца со посебни потреби<br>
15. 81% од учениците целосно или делумно сметаат дека наставниците користат информатичката технологија за комуникација со учениците и родителите.<br>
16. 61% од учениците целосно или делумно сметаат и 31% не знаат дека во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.<br><br>
Од овие одговори на учениците може да се заклучи дека во училиштето во високи проценти наставниот кадар ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други, интервенира кога има случаи на кофликти, се однесува со почит кон учениците, внимава на групната работа, користи информатичка технологија и ја поттикнува самосотојната работа на учениците.<br><br>
Понизок процент од ученици сметаат дека во иднина треба да се унапредат вештините на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби, поголемо внимание на секој ученик,поголема вклученост на учениците во избор на работните задачи, поголема објективност и почитување на личноста на ученикот.<br><br>
<u>Одговори од прашалник за наставници:</u><br><br>
1. 89% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот ја почитува личноста на секој ученик.<br>
2. 100% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други.<br>
3. 100% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот интервенира при конфликт меѓу учениците.<br>
4. 89% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот подеднакво се однесува кон сите ученици без обзир на пол, етничка припадност и способности.<br>
5. 86% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот му посветува внимание на секој ученик.<br>
6. 92% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот внимава во групната работа сите да учествуваат.<br>
7. 99% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот ги поттикнува учениците да работат самостојно.<br>
8. 81% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот ги охрабрува учениците сами да одлучат за изборот на задачите.
</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 9. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот е објективен и непристрасен во односот со учениците.<br>10. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот служи како пример со својот изглед и однесување.<br>11. 89% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот овозможува позитивна, поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера.<br>12. 95% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот помеѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање, соработка и почитување.<br>13. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот води сметка за потполна дискреција за прашања од личниот и семејниот живот на учениците.<br>14. 91% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставникот има потреба да посетува обука за работа со деца со посебни потреби<br>15. 99% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците користат информатичката технологија за комуникација со учениците и родителите.<br>16. 99% од наставниците целосно или делумно сметаат дека во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.<br><br>Од одговорите на анкетираните наставници може да се заклучи дека најголемиот дел од  нив ги охрабрува учениците внимателно да се сослушуваат едни со други и интервенираат при конфликт меѓу учениците, користат компјутерска технологија во наставниот процес, како и за комуникација со учениците и родителите, градат клима на взаемна почит и доверба, опуштена и срдечна работна атмосфера, имаат објективен пристап во оценувањето и непристрасен однос кон учениците во однос на нивниот пол, етничко потекло и способности.<br><br>Наставниците во најголем дел сметаат и дека имаат потреба од посета на дополнителни обуки за работа со деца со ученици со посебни образовни потреби. |

**Самоевалуација на училиштето: СУГС Гимназија “Орце Николов” Скопје**

**Подрачје : Поддршка на учениците**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br>✔ Училиштето претставува сигурна и безбедна средина за работа;<br>✔ Училиштето се грижи за добросостојбата на своите ученици и вработените;<br>✔ Воспоставен систем за заштита на просториите и инвентарот и безбедноста на учениците;<br>✔ Редовна анализа на постигнувањата и потребите на учениците и преземање на мерки за нивно подобрување;<br>✔ Редовно водење евиденција за редовноста, напредокот и постигнувањето;<br>✔ Педагошката служба во училиштето е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците и нивните родители;<br>✔ Во училиштето се води уредна евиденција и навремено информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците;<br>✔ Училиштето во состав на Годишната програма има предвидено подрачје за грижа за здравјето на учениците;<br>✔ Добро организиран процес на професионална ориентација |
| **Слабости**<br>✔ Поголема вклученост на родителите во училишниот живот на различни нивоа;<br>✔ Зајакнување на капацитетите на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби. |

**Самоевалуација на училиштата: СУГС Гимназија “Орце Николов” Скопје**

**Подрачје : Поддршка на учениците**

| **Анализа на резултатите:<br>Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје** |
|---|
| Училиштето во секојдневната работа пројавува ефективни форми и активности кои се во насока на обезбедување на грижа, благосостојба и заштита на сите ученици, без разлика на пол или етничка припадност. Исто така, училиштето, преку педагошко-психолошката служба, класните раководители и предметните наставници, во кои учениците имаат доверба, ги оценува емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици и кога тие се обраќаат за помош, совет или поддршка за своите проблеми или потреби од било кој карактер, независно од полот на ученикот, сите наставници со разговор, советување, емпатија, поддршка им помагаат во решавањето на проблемот или задоволувањето на потребата или ги упатуваат до надлежните институции. Случаите на ментална или физичка злоупотреба се многу ретки, но доколку се забележи таква појава, веднаш интервенираат најпрво класните раководители или самите ученици, педагошко психолошката служба која ги вклучува родителите и заеднички се работи на надминување на негативните состојби, како и зајакнување на довербата.<br><br>За работа со ученици кај кои се идентификува асоцијално однесување или нарушување на однесувањето во целост, како и за учениците кои се ментално или физички злоставувани, училиштето има изградено системи за следење во развојот на оваа категорија ученици, во соработка со родителите; Исто така, за учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, класниот раководител или стручната служба ги известуваат наставниците и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности. Во училиштето нема на случаи на прерана бременост, каде младите бремени девојки не завршиле со своето школување.<br><br>Работата на психолошко-педагошката служба во училиштето е од круцијално значење и потребно е зајакнување на нејзините капацитети и поорганизирано информирање на сите ученици и родители за работата на истата.<br><br>Во врска со професионалната ориентација на учениците, училиштето во рамки на наставните планови и програми за реформираното гимназиско образование презема или самостојно организира голем број активности во соработка со други високообразовни институции, невладини организации и разни стопански и нестопански организации.Секоја учебна година се реализира кариерно советување на ученици од четврта година. Се надеваме дека овој интерес ќе продолжи и идните години и дека ќе им помогне на матурантите во изборот на идната професија и продолжувањето на своето образование. Во услови на он лајн настава беше организиран настан ОрцеTalks X Alumni кој овозможи комуникација на учениците кои се заинтересирани за избор на своја идна професија да искомуницираат со поранешни ученици кои студирале на престижни универзитети во земјава и стрнаство.<br><br>Училиштето посветува особено внимание на водењето евиденција за редовноста, напредокот и поведението на учениците. Постојаната и севкупна евиденција за успехот, поведението и редовноста на учениците, ја вршат класните раководители. Евидентираните податоци, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, кои пак според потребите и можностите преземаат активности за подобрување на состојбите.Некои од нив се советување на родители и ученици, како и процедурата со потпишување која е воведена од септември 2016. Евидентираните податоци се транспарентни и се достапни на сите структури во училиштето кои имаат потреба од нив. Училиштето води евиденција и за учениците кои се испишуваат или школувањето го |

| |
|---|
| продолжуваат надвор од државата, но во училиштето, а и пошироко, не постои систем за организирано следење на напредувањата на учениците (глобално). Во услови на он лајн настава се воспоства систем на секојдневно информирање и споделување на податоци помеѓу родителите и учениците, како и во рамки на самиот наставнички колектив. |
| **Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>- Интензивирање на соработката со родителите и локалната заедница, преку добрите практики и нови методи,<br>- Поголема информираност на родителите и учениците за работата на педагошко-психолошката служба, |

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- Училишна клима и односи во училиштето
- Промовирање на постигнувањата
- Еднаквост и правичност
- Соработка со родителите и локалната заедница

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **5.1.**<br>Записници од родителски средби<br>Анкети<br>Годишна програма за развој на училиштето<br>Кодекс на однесување на наставниците, учениците и родителите | 1. **Дали односот меѓу наставниците и односот меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување?**<br>Добриот взаемен однос помеѓу наставниците и односот помеѓу наставниците и учениците е приоритетна цел на воспитно-образовната работа во нашето училиште. Прегледот на документацијата укажува на активен и постојан однос меѓу наставниците и учениците базиран на принципот на взаемно почитување.<br>Позитивната училишна клима, еднаквиот однос кон учениците независно од нивната полова, етничка, национална и верска припадност, како и еднаквиот третман на наставниците, што истовремено е и политика на самото училиште ги потврдува заложбите.<br>Наставниот кадар, педагошко-психолошката служба, тимот за развој на училиштето, Директорот на училиштето и сите други вклучени субјекти во секојдневната работа активно ја подигнува свеста за надминување на сите меѓусебни разлики. Соработката меѓу сите субјекти и начинот на кој се остварува комуникацијата соодветствува на современите принципи на раководење и современите методи за активна и креативна настава и разрешување на конфликти. Сите активности во училиштето се темелат и подразбираат принцип на почитување и поттикнување на взаемна доверба. |
| Документација за историјата на училиштето<br><br>Записници од Наставничките совети<br><br>Извештаи од работата на педагошко-психолошката служба | 2. **Дали односите меѓу учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со почитување?**<br>Односите меѓу учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со взаемна соработка, еднаквост и правичност во пристапот, во севкупната работа на училиштето и покрај тоа што нашето училиште според составот е релативно етнички хомогена средина, со мала доминација на ученички и наставнички. Резултатите од анкетите во врска со оваа проблематика, ја потврдуваат заложбата да се почитуваат разликите во полот и етничката припадност.<br>Реализираните задачи, тимската работа и успехот на учениците упатува на заклучок дека нема предрасуди кај учениците и дека искуството од тој тип е позитивно.<br>Работата на класните часови, согласно програмата за работа го актуелизира проблемот на почитување и со тоа активно ја подигнува свеста и на наставниците и на учениците во однос на ова прашање.<br>Паралелките во нашето училиште се формираат исклучиво на принципот на еднаквост во однос на половата и етничката припадност. Активностите поврзани со промоција на активностите на училиштето, како и работата на самото училиште секогаш го подразбира основниот принцип на |

| | |
|---|---|
| | подеднакво учество на учениците од различно етничко потекло и различен пол. Во нашата средина, проблемот од оваа природа оддамна е надминат.<br>Натпреварите од спортски и научен карактер, подготовка на приредби и манифестации од отворен тип, како и учеството во различни проекти, правично ги застапува сите ученици. Веќе седум години (од 2014/15) училиштето е вклучено во проектот Мултиетничка интеграција во образованието и дел од активностите подразбираат поттикнување на свеста кај учениците за стереотипи, предрасуди и начини на интеграција на единки од различна етничка заедница во нашето мултукултурно општетсво. Во изминатите години, за време на класните часови, се реалзирани активности на кои преку работилници и со користење на материјали од ОЖВ се работи на ова поле. |
| Извештаи од класните совети<br><br>Записници од работата на педагошко-психолошката служба<br><br>Извештаи од родителски средби<br><br>Годишна програма за работа на училиштето | 3. **Дали односите меѓу учениците со различни способности или со различни пречки во умствениот и физичкиот развој се базираат врз взаемно почитување?**<br>Училиштето има политика на поддршка за учениците кои имаат пречки во развојот. Проблемот со разликите во психофизичките способности во нашата средина речиси е непознат, со мали исклучоци. Стратегиите на воспитно-образовната работа на сите наставници се во прилог на поттикнување на свеста на учениците активно да им помагаат на учениците со потешкотии во учењето и во процесот на социјализација. Во изминатите учебни години, по 2018г., во училиштето не е запишан ученик со посебни образовни потреби. Училиштето има искуство од минатиот период за изготвување на ИОП, како и формиран инклузивен тим. |
| Извештаи од наставничките и класните совети<br><br>Записници од педагошко-психолошката служба<br><br>Записници од родителските средби<br><br>Кодекс на однесување на учениците<br><br>Кодекс на однесување на наставниците<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Кодекс за користење на ИКТ во | 4.**Какви проблеми се присутни во врска со поведението и дисциплината? Какво влијание имаат тие врз машките и женските деца и учениците од различно етничко потекло? Како училиштето реагира на таквите проблеми**?<br>Проблемот со поведението и дисциплината на учениците е комплексен проблем, кој не можеме да го анализираме без општествените влијанија. Во нашето училиште најзастапени се проблемите со вербално насилство, меѓуврсничко малтретирање (булинг), фалсификување на тестови и несоодветна употреба на мобилни телефони и технологија и изостанување од настава и во некои случаи отежната комуникација со родителите.<br>Правилникот на работата на педагошко-психолошката служба, кодексот на однесување на учениците и наставниците, јасно укажуваат на правата и обврските на учениците и наставниците. Кодексот на однесување на учениците и наставниците принципиелно е заснован на почитување на начините на однесување во училиштето. Тој ги подразбира редовноста, дисциплината, начинот на облекување, начинот на однесување за време на часовите и одморите, заштита на училишниот инвентар, еколошката свест и слично. Во таа смисла, не се прават разлики во однос на полот и етничката припадност и половата припадност, односно не се забележува пресудно влијание врз поединци. Правилникот се однесува на сите и сите треба да го почитуваат. Досегашните извештаи, сепак укажуваат на поизразена недисциплина и непочитување на одредени правила кај машките ученици, но сепак во незначителен процент.<br>Во услови на онлајн настава најголем проблем претставуваше редовното вклучување на некои |

| | |
|---|---|
| училиште<br><br>Правилник за регулирање на изостаноци | ученици на часовите, како и препишувањето на тестовите кои се задаваа он лајн. Останува и во иднина да се работи на поле на усовршување на механизми за надминување на овие проблеми.<br>Во учебната 2018/2019г. се формираше мешовит Тим за безбедност кој во себе вклучи претставници од стручната служба, ученичката заедница, училишниот одбор, МВР (одделот за превенција), Град Скопје и службата за обезбедување. Оттогаш овој тим функционира со редовни состаноци и реализација на активности на поле на превенција и справување со насилство. |
| Записници од Наставнички совети<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Годишен извештај за работата на училиштето | 5. **На кој начин училиштето е отворено за надворешни лица?**<br>Отвореноста на училиштето за надворешни лица подразбира меѓусебната соработка на училиштето со институции, органи, здруженија, организации и локалната заедница.<br>Потребата од развој на училиштето, помош и поддршка за реализација на зацртаните цели, подразбира соработка со невладините организации, младинските здруженија со кои и преку различни видови проекти кои во училиштето се реализираат во континуитет.<br>Училиштето редовно соработува со МВР- оддел за малолетничка деликвенција.<br>Потребата од подигнување на безбедноста на учениците ја наметнува потребата од соработка со органите на безбедноста, со кои училиштето организира средби на нивните претставници со учениците.<br>Промоцијата на високите институции на образованието редовно се врши во просториите на нашето училиште, заради непосреден контакт со учениците.<br>Презентацијата на здравствената култура, како неминовен дел од воспитната компонента на образованието, редовно и најмалку два пати годишно се врши со ученици од прва и втора година (сексуална едукација, ризични однесувања кај младите и сл.). Во училиштето се реализираат заеднички активности меѓу претставници од МВР и МЗ на теми поврзани со зависностите.<br>Во соработка со Филолошкиот, Филозофскиот, Природно-математичкиот факултет, се изведуваат менторски часови, за обука и методика на наставата за студентите од последните години на студирање.<br>Генарално, училиштето е отворено за соработка и со невладини организации кои со поддршка на Град Скопје реализираат различни проекти во кои се вклучени учениците. |
| Алманах на училиштето (за годините наназад)<br><br>Фотографии и материјали за развојот на училиштето<br><br>Дипломи<br><br>Награди | 6. **Кои се тие аспекти кои ги прават учениците и наставниците од обата пола да бидат горди на своето училиште?**<br>Аспектите кои ги прават учениците и наставниците горди на своето училиште, се однесуваат на долгата традиција, имињата на поединците кои завршиле во нашето училиште, а се дел од културната и националната историја и на фактот што голем број родители ја продолжуваат образовната традиција на семејството, запишувајки ги своите деца во нашето училиште.<br>Високите резултати и постигнувања на учениците, во разни области, во и надвор од училиштето уште повеќе ја подигнуваат свеста за припадност и должна почит кон оваа институција.<br>Со своите шеесет и девет години постење училиштето и наставничкиот кадар има со што да се гордее. |

| | |
|---|---|
| Признанија<br><br>Благодарници | |
| **5.2.**<br>Награди, признанија за постигнати резултати, благодарници за учество и посебен придонес во одредена област<br>Веб страна на училиштето<br>Годишен извештај за работата на училиштето<br>Учество на нашите ученици во јавни медиумски промоции | 7. **Што прави училиштето за да ги промовира личните постигања на сите ученици (момчиња и девојчиња), вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење?**<br>Промовирањето на личните постигнувања на учениците од обата пола, вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење е континуиран процес.<br>Веб страната на училиштето редовно ја следи работата на учениците подеднакво, афирмирајќи ги оние кои покажуваат позитивни резултати и истите се секогаш истакнати пред наставниците на Наставничките совети, односно добиваат и соодветни благодарници или наградни патувања.<br>Заложба на секој наставник е да ги мотивира и поттикне и оние ученици кои имаат послаби резултати да го подобрат успехот, но и да ги вклучуваат во различни воннаставни активности, особено доколку се членови на ранливи категории.<br>Дополнителната настава која се реализира континуирано во текот на учебната година за оние ученици кои покажуваат слаби резултати и советувањата со педагошко-психоложката служба, наставниците се обидуваат да ги вклучат истите во различни проекти, проектни и спортски активности со што нивните капацитети и потенцијали би нашле свој простор и израз. Секако дека ова придонесува за нивен развој и интеграција во наставниот процес. |
| **5.3**<br>Записници од работата на педагошко-психолошката служба<br>Извештаи од одржани родителски средби<br>Спроведени анкети од педагошко-психолошката служба<br>Програма за развој на училиштето | **8. Што прави училиштето за да обезбеди еднаквост и правичност за сите ученици, вклучувајќи ги машките и женските деца, учениците со посебни образовни потреби и учениците со различно етничко потекло?**<br>Активностите на училиштето за обезбедување на еднаквост и правичност за сите ученици, вклучувајки ги машките и женските деца, учениците со посебни образовни потреби и учениците од различно етничко потекло, целосно се одразени во сите начини на интеграција на учениците во воспитно-образовниот процес. Тоа ги подразбира училишните екипи кои го претставуваат училиштето, дебатните тимови, натпреварувачките и проектните тимови, организаторите на Веб-страната на нашето училиште и сите други манифестации на кои најмногу до израз доаѓа почитувањето на принципот на еднаквост и правичност. Дури и при подготовката на листата на паралелките, редовно се почитува павилото на полова еднаквост и рамноправност.<br>Политика на училиштето е да работи на подобрување на еднаквоста на сите субјекти во однос на пол, етничка припадност и физички и ментални капацитети. Педагошката служба и директорот на училиштето преземаат мерки доколку се увиди појава на нееднаквост и дискриминација во однос на овие принципи. |
| Анкета<br>семинар<br>Извештаи од класни совети<br>Извештаи од наставнички совети<br>Записници од родителски средби | **9.Како училиштето им помага на наставниците тие подеднакво да ги третираат сите ученици?**<br>Од анкетата спроведена со учениците, на прашањето: “Дали и во колкав процент вработените подеднакво се однесуваат со сите ученици?“, 70% од родителите сметаат дека вработените подеднакво се однесуваат со сите ученици, а над 80% од учениците ијзавуваат дека целосно |

| | |
|---|---|
| | или делумно наставниците имаат еднаков пристап кон сите ученици.<br>Од овие високи проценти може да се заклучи дека во училиштето владее клима на вазема почит во однсот меѓу наставниот кадар, и комуникацијата помеѓу наставниот кадар и родителите и учениците, во однос на родова, етничка и национална припадност. Во училиштето се негува клима на взаемна толеранција и прифаќање. |
| Извештаи од наставнички совети<br>Записници од родителски средби<br><br>Преглед на дневни подготовки на наставниците | **10. Како училиштето следи сите ученици да имаат еднаков третман?**<br>Реализацијата на сите училишни и вонучилишни активности ги вклучува сите ученици, независно од нивниот личен успех, поведение и воопшто неговиот личен профил.<br>Прегледот на досегашните активности во рамките на училиштето, го потврдува учеството на учениците независно од нивниот реализиран успех во учењето, однесувањето, дисциплината и слично.<br>Доколку постои сомнеж за нееднаков третман, учениците и родителите се упатуваат да постапат според формалната процедура за постапување во ваква ситуација: разговор со класен раководител, предметен професор, педагошко-психолошка служба, директор на училиштето и секако училишниот одбор. Сите тие во рамки на нивните надлежности ја реализираат процедурата. Доколку не се задоволни со активностите, родителите и учениците имаат право да се обратат до соодветните служби на МОН, кои постапуваат според нивни надлежности. |
| Извештаи од Наставнички совети<br>Записници од родителски средби<br>Извештај од работата на Директорот на училиштето<br>Извештаи од работата на педагошко-психолошката служба<br>Записници од работата на стручните активи<br>Записници од посета на часови | Училиштето, преку работата на Директорот и педагошко-психолошката служба, континуирано ја следи работата на наставниците кои се должни и обврзани, согласно својата лична професионалност, да ги вклучуваат сите ученици во работата.<br>Од досегашниот увид на Директорот преку посетата на наставните часови на наставниците, од записниците направени од педагошко-психолошкта служба, целосно има увид во работата на наставниците и во еднаквиот третман на учениците во училиштето.<br>Факт е дека сеуште постојат поединци на кои ке им треба време да ги прифатат новите текови во наставата. Во таа смисла, преку лични разговори и состаноци на ниво на активи, може да се забележи тенденцијата еднаквиот третман на учениците да биде основа на сите активности во наставата и училиштето. Потребни се повеќе обуки и други работилници, на кои наставниците би добиле поширока обука за начините и можностите за вклучување на сите ученици. |
| **5.4**<br>Извештај од одржаните родителски средби<br>Годишна програма за развој на училиштето<br>Анкета спроведена со родителите | **11. Како училиштето ги поттикнува родителите да се вклучуваат во образованието на своите деца и на кој начин тие се вклучуваат во животот на училиштето?**<br>Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца низ неколку стандардни форми. Пред се, родителските средби во основа ја имаат функцијата на информирање и презентирање на резултатите. Со годишната програма се предвидени најмалку четири родителски средби, но по потреба се свикуваат и вонредни средби. Претставници на родителите го координираат контактот преку родителските одбори. Организацијата на работата на училиштето овозможува контакт на родителите со предметните професори на часовите со таа намена.<br>Отворената веб страна на училиштето секогаш ги презентира актуелните проблеми и состојби на училиштето што исто така на свој начин ја потикнува активната и континуирана соработка. |

| | |
|---|---|
| | Исто така електронскиот дневник придонесува за детално информирање на родителите за успехот и поведението на учениците во секој класификационен период. Групните и индивидуалните советувања на родители придонесуваат за интензивирање и продлабочување на соработката со родителите. Организирањето на заеднички активности со родителите, како што се приредби, спортски активности, хуманитарни акции, продажни базари, отворени родителски средби, предавања од страна на успешни родители, како и отворени денови за претставување на училиштето се форми кои изминатиов период ги воведуваме за да се интензивира соработката и зголеми присуството на родителите во училиштето. |
| Извештај за работата на педагошко-психолошка служба<br>Записници од родителски средби<br>Годишна програма за работата на училиштето<br>Извештаи од родителски средби и состаноци на родителски одбори | 12. **На кој начин се комуницира со родителите и какви информации им се даваат на родителите за училиштето?**<br>Комуникацијата на родителите на училиштето генерално е организирана преку родителските средби. Во организација на работата на училиштето предвидените часови за комуникација со родителите се секогаш во прилог на целосно информирање на родителите со состојбата на ученикот.<br>Класниот раководител го организира контактот мегу родителот и училиштето, на родителските средби или индивидуално, по потреба.<br>Родителските средби се организирани во секој класификационен период и вонредно доколку има потреба за тоа. Тие обично ги опфаќаат основните информации поврзани со почетокот на учебната година, првиот, вториот и третиот класификационен период, како и завршната родителска средба, на која освен резултатите од учебната година се презентираат и новините и задолженијата поврзани со новата учебна година.<br>Електронскиот дневник во кој се внесени оцените и изостаноците на учениците е исто така извор на информации за родителите. Тој редовно се ажурира и родителите еднаш неделно добиваат информација преку СМС порака на своите телефони.<br>Законската одредба за групно советување на родители исто така ја иницира и продлабочува комунукацијата со родителите.<br>Во училиштето се реализираат и голем број проекти и активности во кои се вклучени родителите како што се заеднички натпревари, приредби, хуманитарни акции, продажни базари, стручни предавања и сл.<br>Секако дека неизоставен дел во соработката со родителите се и родителските одбори како и членовите во УО кои се од редот на родителите. Тие се активно вклучени во креирање на политиките и управувањето во училиштето. |
| Програма за развој на училиштето<br>Извештаи од Наставнички совети<br>Закон за средно образование<br>Закон за локална самоуправа | 13. **Како училиштето соработува со другите заинтересирани учесници во образованието во локалната заедница, на пр. локалните стопански организации, фабрики, културни центри итн.? Какво влијание имаат локалните власти врз училиштето и обратно?**<br>Училиштето, согласно програмата за работа, активно соработува со други заинтересирани учесници во образованието. На ниво на локалната заедница, досега е остварена соработка со другите образовни институции и тоа посебно со оние со кои по природата на образовниот процес |

| | |
|---|---|
| | треба да се реализира. Што се однесува до соработката со останатите субјекти, како стопански организации, фабрики и културни центри, соработката е на незавидно ниво.<br>Културните центри, како што е Драмскиот театар се наши долгогодишни партнери со кои постои интензивна соработка повеќе години.<br>Кинотеката во рамките на библиотеката „Другарче“ нуди активна соработка во однос на видео проекции, кои се совпаѓаат со наставната програма по одделни предмети.<br>Училиштето има континуирана и интензивна соработка со Францускиот културен центар и Амбасадата на Република Франција, како и Британска амбасада и Британски совет. Наставниците вклучени во билингвалната настава доколку имаат потреба посетуваат часови по Француски јазик во Францускиот културен центар во Скопје, а оние од билингвалата англиска паралелка во Центарот за странски јазици. Заедно со учениците, тие учествуваат и во сите активности, манифестации и културни настани организирани од нивна страна.<br>Стопанските организации и фабриките се потешко достапни за соработка. Оттука, логички се наметнува впечатокот дека не може засега да се очекува некакво забележително влијание на локалната власт во однос на работата на училиштето, освен со поддршка за реализирани проекти од поширок тип и реализација на интернационални проекти. |
| Закон за средно образование<br>Годишна програма за развој на училиштето | 14. **Дали училиштето има организирани и неформални контакти со пазарот на работна сила?**<br>Контактите на училиштето со пазарот на работна сила се незначителни.<br>Досега барем не е забележан интерес за ангажирање ученици по завршувањето на образованието. Ова се оправдува со фактот што нашето училиште не произведува стручни кадри кои би можеле да бидат употребени на пазарот. Гимназиското општо образование на нашите ученици, досега се покажала како сигурна подготовка за продолжување на образованието на високите институции. Оттука, интересот на пазарот за кадри со гимназиско општо образование е минимален. Последниве години учениците го посетуваат Саемот за пазар на работна сила како и саемот на образование каде разни субјекти ги презентираат своите програми. |
| Наставни програми по предметите предвидени со наставата во средното образование<br>Годишна програма за работа на училиштето | 15. **Како училиштето соработува со фабриките или локалните стопански организации во врска со практичното оспособување на учениците?**<br><br>Во однос на соработка со фабриките и локалните стопански организации, досега нашето училиште не може да се пофали со продуктивна соработка, во најголема мерка затоа што нуди гимназиско образование и 100 % од учениците го продолжуваат своето образование на универзитет.<br>Наставните програми по предметите кои го опфаќаат делот на природни науки, нужно ја наметнуваат потребата од практично оспособување на учениците. Тоа сепак, ни оддалеку не значи практично оспособување на учениците иако има отворена потреба од тоа.<br>Во однос на фабриките и други стопански организации, соработката речиси и да не постои. |

| | |
|---|---|
| | Тоа впрочем уште еднаш го потврдува проблемот за непостоење поврзаност на теориското учење со практичната оспособеност на учениците. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Извештај од работата на педагошко-психолошката служб а | 16. **Какви мерки се преземаат за да се адаптира обуката кон потребите на работа/занимањето, доколку е потребно?**<br>За адаптација на учениците кон потребите на нивното идно занимање во рамките на нашето училиште, обуката се однесува исклучиво на давање општи знаења по предметите (профил на општо гимназиско образование) кои се избор на ученикот, во согласност со пакетот предмети кои го сочинуваат неговиот избор. Во таа смисла, не можеме да се пофалиме со некоја практична обука, освен со креирање широко образована личност која ќе може да одговори на современите текови. Меѓутоа училиштето е отворено за соработка со високо-образовни институции кои организираат презентации на своите програми. Во Центарот за кариерен развој со поддршка на учениците можат да поминуваат кратки обуки, креираат бизнис планови и изработуваат проекти и можат да работат на својата професионална ориентација. Во училиштето редовно се реализира кариерно советување на ученици од завршната година |
| Годишна програма за развој на училиштето<br>Извештаи од наставнички совети<br>Извештаи од работата на педагошко-психолошката служба | 17. **Како и колку често училиштето соработува со другите училишта?**<br>Соработката на нашето училиште со другите училишта е на високо ниво.<br>Таа кореспондира со европската визија за современ развој на училиштето заснована на активна соработка и комуникација со другите ентитети. Во таа смисла, соработката со училиштата на национално ниво се реализира преку активното учество на натпреварите по сите предмети, традиционалните спортски натпревари и манифестации од сличен тип.<br>Тенденцијата да се отвори училиштето со училишта кои ги надминуваат националните рамки целосно е реализирана преку збратимувањето на нашето училиште на ниво на културна соработка, која ги надминува националните рамки. Последниве пет години, нашето училиште ја оствари соработката со училиштата:<br>• Гимназија "Бодлер" од Рубе, Франција,<br>• Гимназија "Морандиер" од Гранвил, Франција,<br>• Гимназија "Нехемија" од Подградец, Албанија,<br>• Гимназија"Бранко Веану" од Букурешт, Романија,<br>• Гимназија"Свети Иван Рилски" од Софија- Р.Бугарија.<br>• Гимназија “Јане Сандански” од Сандански- Р.Бугарија<br>• Гимназија Петта Гимназија од Сараево- Р. БиХ<br>• Гимназија „Александар Одобеску“од Питешти- Р.Романија<br>• Гимназија „Михајло Пупин “од Белград- Р. Србија<br>• Училиште „Peter-Wisse Gesamtshule“од Уна, Р.Германија<br>• Училиште Catholic High schoolandSixt Form Colages, Лидс-Велика Британија<br>• Гимназија од Пирот, Р. Србија<br>• Мрежата на училишта во рамки на проектот „Сусрет Европских гимназија“<br>• 18 гимназија Загреб - Р. Хрватска |

| | |
|---|---|
| | • Поморска школа Сплит – Р. Хрватска<br>• ЕФИС- интернационално француско училиште (основно училиште)<br>• Петта гимназија“ од Белград, Р Србија<br>• Гимназија “Јосип Броз Тито” од Скопје<br>• Гимназија “Никола Карев” од Скопје<br>• Гимназија “Цветан Димов” од Скопје<br><br>Соработката со овие и со други училишта освен, со меѓусебни посети, спортски активности, активно се реализира и со отворена интернет комуникација, преку која постојано се врши културна и образовна презентација на училиштата. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Е Т О С**

| Собирање на податоци (ии) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци | Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации | <u>Одговори на прашалници од родители:</u><br><br>1. 98% од родителите сметаат дека вработените во училиштето кон родителите се однесуваат со почит.<br>2. 98% од родителите сметаат дека училиштето ги почитува правата на учениците со посебни образовни потреби и помага за нивна вклученост во воспитно-образовниот процес<br>3. 95% од родителите сметаат дека во училиштето се почитуваат правата на учениците<br>4. 95% од родителите сметаат дека во училиштето нивното дете се чувствува безбедно, среќно и задоволно.<br>5. 95% од родителите сметаат дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците.<br>6. 95% од родителите сметаат дека училиштето бара мислење и согласност од родителите кога се во прашање активности кои се финансираат од родителите.<br>7. 95% од родителите имаат добра соработка со класниот раководител на нивното дете<br>8. 95% од родителите сметаат дека имплементирањето на информациската технологија и на е-дневникот им помага на родителите да остварат подобра соработка со наставниците.<br>9. 95% од родителите сметаат дека информациите за работата и случувањата во училиштето се навремени и точни<br>10. 95% од родителите сметаат дека училиштето има углед во локалната заедница<br>11. 91% од родителите се запознати сум со правилата и куќниот ред во училиштето<br>12. 90% од родителите сметаат дека информациите за успехот и поведението на нивното дете ги добиваат редовно и навремено.<br>13. 90% од родителите сметаат дека училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки.<br>14. 87% од родителите сметаат дека наставниците се грижат соработката со родителите да биде што понепосредна и ефикасна.<br>15. 83% од родителите знаат кому да се обратат во училиштето за различни |

| | | |
|---|---|---|
| | | информации.<br>16. 83% од родителите сметаат дека наставниците бараат соработка и ангажман на родителите во решавање на проблемите и даваат јасни препораки<br>17. 70% од родителите сметаат дека вработените подеднакво се однесуваат со сите ученици.<br>18. 45% од родителите целосно или делумно сметаат и 52% не знаат дека стручната служба им помага на наставниците при организација на наставниот процес.<br>19. 41% од родителите целосно или делумно сметаат и 56% не знаат дека наставниот кадар е запознаен со програмата за работа на стручната служба.<br>20. 40% од родителите целосно или делумно сметаат и 56% не знаат дека при изготвување на годишни, тематски и оперативни планови наставниците добиваат совети и истите ги применуваат.<br>21. 38% од родителите целосно или делумно сметаат и 61% не знаат дека наставниците/приправници се во постојана соработка со службата.<br>22. 46% од родителите целосно или делумно сметаат и 50% не знаат дека наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција.<br>23. 48% од родителите целосно или делумно сметаат и 50% не знаат дека во случај да настане конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага за негово ефикасно разрешување.<br>24. 69% од родителите целосно или делумно сметаат дека учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната службата.<br>25. 37% од родителите целосно или делумно сметаат и 60% не знаат дека во програма за работа на педагошко-психолошката служба планирани се и активности поврзани со учениците со посебни потреби.<br>26. 48% од родителите целосно или делумно сметаат и 53% не знаат дека стручната служба и училиштето имаат механизми со кои го следат напредокот на наставниците и учениците.<br>27. 35% од родителите целосно или делумно сметаат и 62% не знаат дека постои соработка и усогласеност помеѓу стручната и административната служба.<br>28. 47% од родителите целосно или делумно сметаат и 46% не знаат дека стручната служба спроведува анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима како и вон наставните активности.<br>29. 49% од родителите целосно или делумно сметаат и 48% не знаат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручната служба соработува и ги следи учениците кои имаат потешкотии во учењето и однесувањето.<br>30. 40% од родителите целосно или делумно сметаат и 59% не знаат дека постои добра соработка помеѓу стручната служба и наставниот кадар за прашања од интерес.<br>31. 44% од родителите целосно или делумно сметаат и 53% не знаат дека училиштето ги идентификува потребите за професионалниот развој на наставниците преку различни форми за нивна идентификација (преку спроведени анкети и прашалници, разговори со наставници, интервјуа и сл.).<br>32. 44% од родителите целосно или делумно сметаат и 53% не знаат дека училиштето има програма и стратегија за обезбедување на професионалниот развој на наставниците (вклучувајќи го тука и менторството).<br>33. 41% од родителите целосно или делумно сметаат и 58% не знаат дека наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна поддршка.<br>34. 41% од родителите целосно или делумно сметаат и 56% не знаат дека училиштето е транспарентно при вклучување на наставниот кадар во проекти и обуки и секогаш се раководи од потребите на наставниците при нивниот избор.<br>35. 36% од родителите целосно или делумно сметаат и 60% не знаат дека училиштето има стратегија за дисеминирање на знаењата на кадарот.<br>36. 44% од родителите целосно или делумно сметаат и 48% не знаат дека квалитетот на наставата се подобрил, предавањата се поинтересни, успехот е подобар како резултат.<br><br>Родителите во високи проценти се изјаснуваат дека сметаат дека нивното дете се чувствува безбедно, задоволно и почитувано во училиштето. Информирањето е редовно и детално за сите случувања во училиштето, како и за училишниот успех, дека се запознаени со куќниот ред и процесот на изрекување на педагошки мерки.<br>Од добиените одговори од родителите може да се заклучи дека половина од родителите немаат доволно информации за работата на стручната служба и начините на соработка кои таа ги остварува во работата со наставниот кадар, учениците и родителите.<br><br><u>Одговори на прашалници од ученици:</u> |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1. 91% целосно, 8% делумно од учениците истакнуваат дека имаат добра соработка со класниот раководител.<br>2. 88% целосно, 12% делумно од учениците истакнуваат дека училиштето бара мислење и согласност од родителите кога се во прашање активности кои се финансираат од родителите.<br>3. 82% целосно, 18% делумно од учениците истакнуваат дека училиштето има углед во локалната заедница.<br>4. 69% целосно, 26% делумно од учениците истакнуваат дека информациите за нивниот успех и поведение ги добиваат редовно и навремено.<br>5. 65% целосно, 35% делумно од учениците истакнуваат дека имплементирањето на информациската технологија и на е-дневникот им помага на родителите да остварат подобра соработка со наставниците.<br>6. 62% целосно, 32% делумно од учениците се запознати со правилата и куќниот ред во училиштето.<br>7. 62% целосно, 31% делумно од учениците истакнуваат дека училиштето ги почитува правата на учениците со посебни образовни потреби и помага за нивна вклученост во воспитно-образовниот процес.<br>8. 60% целосно, 39% делумно од учениците истакнуваат дека во училиштето се чуствуваат безбедно, среќно и задоволно.<br>9. 55% целосно, 35% делумно од учениците знаат кому во училиштето да се обратат за различни информации.<br>10. 50% целосно, 43% делумно од учениците истакнуваат дека вработените во училиштето кон нив како ученици се однесуваат со почит.<br>11. 50% целосно, 45% делумно од учениците истакнуваат дека наставниците се грижат соработката со учениците да биде што понепосредна и ефикасна.<br>12. 45% целосно, 45% делумно од учениците истакнуваат дека наставниците бараат соработка и ангажман на учениците во решавање на проблемите и даваат јасни препораки.<br>13. 45% целосно, 45% делумно од учениците истакнуваат дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците.<br>14. 45% целосно, 50% делумно од учениците истакнуваат дека информациите за работата и случувањата во училиштето се навремени и точни.<br>15. 45% целосно, 40% делумно од учениците истакнуваат дека вработените подеднакво се однесуваат со сите ученици.<br>16. 37% од учениците целосно или делумно сметаат и 55% не знаат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручната служба им помага на наставниците при организација на наставниот процес.<br>17. 38% од учениците целосно или делумно сметаат и 59% не знаат дека наставниот кадар е запознаен со програмата за работа на стручната служба.<br>18. 38% од учениците целосно или делумно сметаат и 51% не знаат дека при изготвување на годишни, тематски и оперативни планови наставниците добиваат совети и истите ги применуваат.<br>19. 28% од учениците целосно или делумно сметаат и 65% не знаат дека наставниците/приправници се во постојана соработка со службата.<br>20. 32% од учениците целосно или делумно сметаат и 59% не знаат дека наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција.<br>21. 50% од учениците целосно или делумно сметаат и 42% не знаат дека во случај да настане конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага за негово ефикасно разрешување.<br>22. 60% од учениците целосно или делумно сметаат дека учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната службата.<br>23. 32% од учениците целосно или делумно сметаат и 60% не знаат дека во програмата за работа на педагошко-психолошката служба планирани се и активности поврзани со учениците со посебни потреби.<br>24. 34% од учениците целосно или делумно сметаат и 52% не знаат дека стручната служба и училиштето имаат механизми со кои го следат напредокот на наставниците и учениците.<br>25. 31% од учениците целосно или делумно сметаат и 66% не знаат дека постои соработка и усогласеност помеѓу стручната и административната служба.<br>26. 57% учениците целосно или делумно сметаат дека стручната служба спроведува анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима како и вон наставните активности.<br>27. 37% од учениците целосно или делумно сметаат и 45% не знаат дека стручната служба соработува и ги следи учениците кои имаат потешкотии во учењето и однесувањето.<br>28. 36% од учениците целосно или делумно сметаат и 62% не знаат дека постои добра соработка помеѓу стручната служба и наставниот кадар за прашања од интерес.<br>29. 40% од учениците целосно или делумно сметаат и 50% не знаат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето ги идентификува потребите за професионалниот развој на наставниците преку различни форми за нивна идентификација (преку спроведени анкети и прашалници, разговори со наставници, интервјуа и сл.).<br>30. 39% од учениците целосно или делумно сметаат и 53% не знаат дека училиштето има програма и стратегија за обезбедување на професионалниот развој на наставниците (вклучувајќи го тука и менторството).<br>31. 32% од учениците целосно или делумно сметаат и 63% не знаат дека наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна поддршка.<br>32. 44% од учениците целосно или делумно сметаат и 52% не знаат дека училиштето е транспарентно при вклучување на наставниот кадар во проекти и обуки и секогаш се раководи од потребите на наставниците при нивниот избор.<br>33. 27% од учениците целосно или делумно сметаат и 69% не знаат дека училиштето има стратегија за дисеминирање на знаењата на кадарот.<br>34. 44% од учениците целосно или делумно сметаат и 39% не знаат дека квалитетот на наставата се подобрил, предавањата се поинтересни, успехот е подобар како резултат на промените што наставниците ги направиле во училницата по поминатите обуки.<br>35. 45% целосно, 45% делумно од учениците истакнуваат дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците.<br><br>Од овие одговори на учениците може да се заклучи дека имаат добра соработка со класниот раководител, дека информациите за нивниот успех и поведение ги добиваат редовно и навремено и дека се запознаени со куќниот ред на училиштето и се чувствуваат безбедно и среќно во него.<br>Од одговорите на учениците може да се заклучи дека во училиштето треба да се работи на информирање за областите на делувањ ена стручната служба и во кои случаи тие можат да се обратат за поддршка и соработка. комуникацијата помеѓу учениците и наставниците.<br><br><u>Одговори од прашалник за наставници:</u><br><br>1. 99% од наставниците целосно или делумно сметаат дека училиштето ги идентификува потребите за професионалниот развој на наставниците преку различни форми за нивна идентификација (преку спроведени анкети и прашалници, разговори со наставници, интервјуа и сл.). |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. 95% од наставниците целосно или делумно сметаат дека училиштето има програма и стратегија за обезбедување на професионалниот развој на наставниците (вклучувајќи го тука и менторството).<br>3. 93% од наставниците целосно или делумно сметаат дека наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна поддршка.<br>4. 92% од наставниците целосно или делумно сметаат дека училиштето е транспарентно при вклучување на наставниот кадар во проекти и обуки и секогаш се раководи од потребите на наставниците при нивниот избор.<br>5. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека училиштето има стратегија за дисеминирање на знаењата на кадарот.<br>6. 92% од наставниците целосно или делумно сметаат дека квалитетот на наставата се подобрил, предавањата се поинтересни, успехот е подобар како резултат на промените што Вие сте ги направиле во училницата по поминатите обуки<br>7. 93% од наставниците сметаат дека во случај да настане конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручната служба правовремено се вклучува и помага за негово ефикасно разрешување.<br>8. 96% од наставниците сметаат дека стручната служба спроведува анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима како и вон наставните активности.<br>9. 97% од наставниците сметаат дека стручната служба соработува и ги следи учениците кои имаат потешкотии во учењето и однесувањето.<br>10. 93% од наставниците сметаат дека во програма за работа на педагошко-психолошката служба планирани се и активности поврзани со учениците со посебни потреби.<br>11. 91% од наставниците сметаат дека постои добра соработка помеѓу стручната служба и наставниот кадар за прашања од интерес.<br>12. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека стручната служба им помага на наставниците при организација на наставниот процес.<br>13. 88% од наставниците сметаат дека наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција.<br>14. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека при изготвување на годишни, тематски и оперативни планови наставниците добиваат совети и истите ги применуваат.<br>15. 74% од наставниците сметаат дека постои соработка и усогласеност помеѓу стручната и административната служба.<br><br>Од добиените одговори од наставниците може да се заклучи дека во високи |

| | | |
|---|---|---|
| | | проценти наставниците истакнуваат дека во училиштето има стратегија за професионален развој и дисеминација од посетени обуки, како и постојано имплементирање на новини во наставниот процес како резулатат на посетени обуки.<br>Висок процент наставници сметаат дека во случај на конфликт во училиштето, стручната служба правовремено се вклучува и помага за негово ефикасно разрешување; дека службата спроведува анкети поврзани со наставата, редовноста, училишната клима како и вон наставните активности; службата соработува и ги следи учениците со потешкотии во учењето и однесувањето; дека постои добра соработка помеѓу стручната служба и наставниот кадар, приправниците и дека учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од стручната служба.<br>При организација на наставниот процес на наставниот кадар му помага административната служба, додека при подготовка на тематски и глобални планирања како и менторство на приправници поддршка дава стручната служба. |
| Интервју со педагошко-психолошката служба | Членови од работната група<br>Педагог<br>Психолог | - На прашањето дали односот меѓу наставниците и учениците се базира на ваземно почитување, педагошко-психолошката служба смета дека овој однос е коректен, имајќи ги предвид сите услови во кои се реализира комуникацијата во училиште. Учениците се наоѓаат во специфичен развоен период (адолесценција) и како една специфика на овој период е проблематична комуникација со авторитетиите и возрасните воопшто. Ова треба да се има предвид при секојдневната комуникација во училиштето.<br>- Според педагошко-психолошката служба односите помеѓу учениците од различен пол, различно етничко потекло и различни способности или пречки во развојот се исполнети со почитување, а ова тврдење се темели врз фактот што досега немале искуство со конфликти од овој вид меѓу учениците.<br>- Во врска со проблемите со поведението и дисциплината во контекст на учениците од различен пол и различно етничко потекло, педагошко-психолошката служба истакна дека не постои статистички значајна разлика во однос на овие фактори кои би ги издвоиле учениците како посебна категорија во однос на пол или етничка припадност.<br>- Како аспекти кои се важни за наставниците и предизвикуваат гордост кон припадноста на училиштето се издвојуваат чувството на лојалност и припадност на организацијата (училиштето), со кое голем дел од наставниците се идентификуваат имајќи ги предвид досегашните постигнувања и традицијата на училиштето.<br>- Училиштето, според педагошко-психолошката служба креира позитивна училишна клима во која, низ поддршка на наставниците, учениците кои имаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | различни способности и оние кои имаат послаби способности за учење, а преку различни наставни и воннаставни активности можат да ги реализираат своите потенцијали и таленти.<br>- училиштето преку свои истражувачки активности (анкети и прашалници со ученици, родители и наставници) и разговори со истите, ја следи работата на наставниците и во овој контекст правичниот третман на сите ученици во училиштето.<br>- педагошко-психолошката служба е активно вклучена во соработката со родителите и работи на интензивирање на контактите со родителите и нивната поголема присутност во училиштето.<br>- комуникацијата на педагошко-психолошката служба со родителите воглавно се темели на информирање на родителите и советување со оние родители чии деца постигнуваат послаби резултати или имаат проблеми со дисциплината.<br>- во контекст на прашањето како училиштето соработува со други надворешни субјекти, педагошко-психолошката служба информираше за формите на соработка што таа ги реализира со овие субјекти. Во најголем дел оваа соработка со други значајни субјекти службата ја реализира преку соработка со владини, локални и  невладини организации за различни проекти при што таа учествува во анлизата на квалитетот на проектите како и текот и реализацијата на истите. Исто така постои соработка и со другите служби од останатите училишта во градот на прашања од заеднички интерес. Она што недостасува на овој план е поголема соработка со локалните стопански субјекти преку која би се следела и потребата за одредени професионални профили и работни места, како и повеќе неформални контакти со пазарот на работна сила за да се има увид во современите трендови на пазарот.<br>- Училиштето има релативно добра соработка со други училишта и ја остварува преку реализирање на заеднички проекти или размена на искуства за заеднички проблеми и прашања, но секако оваа соработка може да биде и поинтензивна и поквалитетна. |

**Самоевалуација на училиштето**:

**Подрачје: ЕТОС**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>✓ Односите меѓу учениците и наставниците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со почитување;<br>✓ Почитување на утврдениот кодекс на однесување на учениците и наставниците;<br>✓ Добра организациска поставеност, комуникација и соработка на наставниот, административниот, менаџерскиот кадар во училиштето |
| **Слабости:**<br><br>✓ Подобрување на редовноста на учениците;<br>✓ Промовирање програми и планови за работа со посебно надарени ученици;<br>✓ Недоволна соработка на училиштето со локалните стопански организации и фабрики;<br>✓ Непостоење повратна информација за напредокот на учениците по нивното завршување. |

**Самоевалуација на училиштето** **Подрачје: ЕТОС**

Анализа на резултатите:

Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје

Прегледот на документацијата и резултатите од спроведените анкети укажуваат на активен и постојан однос меѓу наставниците и учениците базиран на принципот на взаемно почитување. Позитивната училишна клима, еднаквиот однос кон учениците независно од нивната полова, етничка, национална и верска припадност, како и еднаквиот третман на наставниците е политика на училиштето.

Односите меѓу учениците со различни способности или со различни пречки во менталниот и психичкиот развој се базираат на взаемно почитување.

Проблемот со поведението, дисциплината, однесувањето, отсуствата од настава, комуникацијата со родителите е комплексен проблем, на кој во училиштето континуирано се работи.

Отвореноста на училиштето ја подразбира меѓусебната соработка со институции, органи, здруженија, други училишта и е застапена во задоволителна мерка.

Промовирањето на личните постигнувања на учениците од двата пола, вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење е застапено во училиштето.

Училиштето активно и континуирано го следи професионалниот развој на наставниците и во рамките на финансиските можности овозможува нивна континуирана обука и професионално развивање.

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието низ неколку стандардни форми. Родителските средби во основа ја имаат функцијата на информирање и презентирање на резултатите на учениците, а исто така се овозможува и комуникација со предметните наставници. Во зависност од интересот и желбата на родителите да се вклучат во работата на училиштето, на родителите им се достапни сите информации поврзани со наставниот процес.

Стопанските организации и фабриките се тешко достапни за соработка, не е забележан интерес за ангажирање на ученици по завршување на средното образование. Тоа можеби и се очекува бидејќи најголем дел од учениците од училиштето го продолжуваат своето образование на високообразовните институции.

**Идни активности:** Приоритетни оддели во рамките на ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Изнаоѓање начини за намалување на отсуствата на учениците преку редовно информирање и повикување на родителите (телефон, писмено или преку интернет) и со групно и индивидуално советување,
- Учество на семинари и обуки на наставниот кадар,
- Активен однос кон проектите како начин за афирмација на училиштето, јакнење на проектната култура,
- Поттикнување на соработка на училиштето со локалните стопански организации и фабрики,
- Зголемување на активностите за промоција, презентација и афирмација на училиштето

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: РЕСУРСИ**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето: РЕСУРСИ**<br><br>6.1. Сместување и просторни капацитети<br>6.2. Наставни средства и материјали<br>6.3. Персонал<br>6.4. Развој на персоналот<br>6.5. Финансиско работење на училиштето |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: РЕСУРСИ**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(и) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |

1. **Дали училиштете има адекватни училници, заеднички простории и санитарни простории? Дали капацитетите се користат оптимално и дали можат да ги користат сите членови на училиштето?**

Училишната зграда е изградена и дадена во употреба 1970 година.





Објектот е од тврда градба со приземје и спрат со вкупна површина од 22229 $м^2$.
Според попис училиштето располага со следниов простор

| Ред. Бр. | Вид на просторот | број | $м^2$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Училници | 23 | 1403 |
| 2 | Кабинети | 6 | 516 |
| 3 | Библиотека со читална | 1 | 192 |
| 4 | Просторија за наставници | 1 | 52 |
| 5 | Просторија за директор | 1 | 22 |
| 6 | Просторија за секретар | 1 | 22 |
| 7 | Просторија за родители/ сменоводители | 1 | 22 |
| 8 | Просторија за педагог и психолог | 1 | 24 |
| 9 | Просторија за сметководител и благајник | 1 | 20 |
| 10 | Просторија за раководители на настава | 1 | 20 |
| 11 | Просторија за домакин | 1 | 21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Просторија за хаусмајстор | 1 | 21 |
| 13 | Просторија за технички персонал | 1 | 52 |
| 14 | Медијатека | 1 | 52 |
| 15 | Бифе | 1 | 35 |
| 16 | Подстаница | 1 | 40 |
| 17 | Подрумски простор и скривница | 1 | 187 |
| 18 | Фискултурна сала | 1 | 628 |
| 19 | Фитнес сала | 1 | 102 |
| 20 | Санитарен чвор | 9 | 244 |
| 21 | Ходници и степеници | / | 2720 |
| 22 | Спортски терени - игралиште | / | 3000 |
| 23 | Озеленета дворна површина | / | 13486 |

Во изминативе години, во училиштето се направени набавки на компјутери, ЛЦД проектори, ТВ и СМАРТ табли со цел да се овозможат услови за реализирање на наставата.



Училишната библиотеката прерасна во современ мултимедијален (смарт) центар, каде учениците се релаксираат, творат, изготвуваат проекти и одржување настани.

Сите училници се опремени со СМАРТ табли, ЛЦД проектори, ТВ или компјутери, како и 3 училници со вкупно 70 компјутери за ученици, со што ќе се унапреди воспитно-образовниот процес.
Во учебната 2021/22 кабинетите се доопремија со инвертер клими како и прочистувачи за воздух кои се особено битни во зимскиот период. Беше направена реконструкција на фискултурната сала и комплетно реновирани соблекувални.





Фискултурната сала е од покриен тип, и се користи за изведување на настава, но и за тренинг на спортските тимови во училиштето. Исто така училиштето располага и со сопствени спортски терени за фудбал и кошарка, игралишта кои се користат во наставата и во воннаставни активности на учениците, како и со фитнес сала, комплетно опремена со современи фитнес справи.

Училиштето има тенденцијата да биде современо и добро опремено, и да им овозможува на своите ученици максимално добри услови за учење, креирање и самоисполнување, но и услови за здрав физички развиток на учениците кои се во фаза на растење, но поради ограничените финансиски средства овој процес се отежнува.

Во перидот 2021-2023 год. во училиштето се изведени повеќе реконструктивни, градежни и хортикултурни зафати.

Во училиштето е имплементиран под од епоксиден систем. Се изведе молерисување на просториите во спортската сала и молерисување во училишната зграда, замена на дотрајани подови со ПВЦ подови во дел од училниците, санирање на тоалети кои протекуваа и беа ставени надвор од употреба, санирање на проблеми со електрична инсталација, замена на дел од прозорците во училниците, чистење на хоризонтални олуци, реконструкција на водоводната мрежа во тоалетите, реконструција на дел од спортската сала како и соблекувалните за учениците.



Холот на училиштето со под од епоксиден систем


Училници со нови ПВЦ подови




Хортикултурно уредување на дворот



Лифт за ученици со посебни образовни потреби




Реновирана училишна бина



Соблекувални за учениците



Училница опремена со компјутери

| | |
|---|---|
| | 1. **Дали училиштето има стручна литература и наставни помагала за наставниците?**<br>**Во** училиштето се прават напори да се набавува редовно стручна литература за наставниците, но најчесто тоа се сведува на новоиздадени учебници и збирки задачи. Наставниците се принудени сами да се снаоѓаат, со набавака на литература со сопствени средства или да користат интернет извори. Во услови на далечинско учење самите си разработуваа материјали, а од страна на училиштето беа обезбедени таблети или лап топови за оние наставници кои имаа потреба од нив. Исто така на располагање им стоеше и образовниот ресурс ЕДУИНО на кој беа поставени снимени наставни часови и др.материјали, кои се уште се користат. |
| | 2. **Доколку има училишна библиотека, како таа ги задоволува потребите на учениците?**<br>3. Како што веќе напоменавме во училиштето има библиотека со пространа читална и истата е оптимално искористена.<br>Библиотеката располага со следниот фонд на стручна литература и книги:<br>• **Стручна литература по Македонски јазик и литература:**<br>14064 книги за обработка на дела и лектири (голем дел се и на срп./хрв.јазик)<br>Библиотеката располага и со резервни книги кои се подарени, но не се наведени во главната книга.<br>За потребите на учениците има енциклопедии за географија, за историја, за музичко и македонски јазик, меѓу кои и најновата “Ми-Ан” енциклопедија<br>Купени се книги за доделување на учениците со одличен успех во минатата учебна година (вкупно 632, останатите се 103, од кои се приклучени кон книжевниот фонд за користење на учениците).<br>***ЗАЧЛЕНЕТИ УЧЕНИЦИ: 544***<br>***ЗАБЕЛЕШКА:*** Книги за лектири и обработка на дела има доволно според старата наставна програма по Македонски јазик, но нема доволно според новата програма.<br>• **Медиумска библиотека:**<br>256 заведени книги. Останатите се 103 книги.<br>• **Стручна литературе по англиски јазик:**<br>141 книга по англиски јазик<br>4 речници - англиски јазик, стандарден<br>26 книги на англиски јазик од областа на информатиката ( подарок од Американската амбасада)<br>92 списанија по англиски јазик<br>2 збирки програми<br>5 англиски наставни програми<br>3 учебника по англиски јазик (за I-ва, -ра, III-та година)<br>13 книги за изучување на англиски јазик (српска литература)<br>25 книги (психологија на англиски јазик)<br>50 матурски теми<br>• **Стручна литература по француски јазик:**<br>112 книги по француски јазик<br>40 лектири за француски јазик<br>38 учебници за француски јазик<br>5 граматики за француски јазик<br>7 француски читанки |

| | |
|---|---|
| | 32 списанија (Ле Францис данс ле монде)<br>4 списанија (Ресонзце)<br>12 учебници по хемија на француски јазик<br>11 учебници по историја на француски јазик<br>2 учебника по географија на францудки јазик<br>1 учебник по физика на француски јазик<br>32 учебници по математика на француски јазик<br>3 учебници по биологија на француски јазик<br>2 речника на француски јазик<br>23 книги француска литература<br>• **Стручна литература по германски јазик:**<br>29 учебници по германски јазик<br>20 речници за германски јазик<br>5 правописи за германски јазик<br>11 граматики за германски јазик<br>5 германски прирачници “Германски за 7 дена”<br>2 речника по гермаски јазик<br>• **Стручна литература по руски јазик:**<br>19 учебника по руски јазик<br>3 списанија по руски јазик<br>• **Стручна литература по латински јазик:**<br>1 учебник по латински јазик<br>1 речник по латински јазик<br>• **Стручна литература по математика:**<br>80 учебници по математика<br>38 збирки задачи<br>44 математички книги<br>3 логаритамски таблици<br>350 спиcнија “Сигма”<br>9 учебници за виша математика и елемантарна алгебра<br>• **Стручна литература по физика:**<br>15 учебника по физика<br>17 збирки задачи<br>15 математичко-физички лист (српско издание)<br>2 списанија по физика<br>• **Стручна литература по филозофија, социологија, психологија, логика и право:**<br>212 книги<br>10 учебници<br>Голем број матурски теми |

| | |
|---|---|
| | • **Стручна литература по историја:** Околу 317 книги<br>• **Стручна литература по одбрана:** Околу 150 книги<br>• **Стручна литература по италијански јазик:** 2 речника<br>• **Стручна литература по информатика:** 5 книги<br><br>Од наведеното се забележува дека поголемиот дел од фондот на книги во библиотеката е набавуван изминатите години и истиот не е во согласност со новите наставни програми кои се изработуваа последните години. Училиштето има потреба од нови лектирни изданија, бидејќи постојните не ги задоволуваат потребите на учениците. Делумно се направени набавки на нови книги и лектирни изданија, но секако треба да се продолжи со таа пракса. Изготвен е и софтверски систем за електронско водење на библиотеката кој ќе се унапредува во иднина. |
| | 4. **Дали набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето?**<br><br>Финансиските средства кои училиштето ги добива за потрошен материјал се во голема мера подобрени во последниве години. Во училиштето може да се копираат тестови и други материјали кои им се потребни на наставниците за успешно реализирање на наставата. Во моментов училиштето е солидно технички и материјално опремено. Во сите училници има ЛЦД проектори или телевизори кои овозможуваат реализирање на современа настава. Исто така во училиштето функционира и солиден интернет за реализација на современа настава. |
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Записи од стручна служба;<br><br>Записи и барања од стручни активи | 5. **Како училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и материјали?**<br><br>Потребите за наставни средства и материјали училиштето ги утврдува по претходно доставени барања од стручните активи. Потрошниот материјал се одредува согласно планирањата и потребите на активите кои се предвидени со нивните годишни планирања и тековно според потребите на наставниците и според можностите на училиштето. Според новите законски регулативи се организираат јавни набавки и тендери со цел транспарентно работење. |
| Записи и барања од стручни активи<br><br>Разговор со сметководител; | 6. **Како училиштето ја следи ефективната и ефикасната употреба на наставните средства и материјали?**<br><br>Училиштето ја следи ефективната и ефикасна употреба на наставните срества и материјали преку:<br><br>- следење на работата на наставниците и посета на часови,<br><br>- анкетирање на учениците и повратна информација, колку често наставниците во реализацијата на наставата користат нагледни |

| | |
|---|---|
| Сметководствена евиденција;<br><br>Евидентни листи за посета на час и планирања | средства или интрактивни методи и кои средства и материјали ги користат при тоа<br>- преку следење од страна на директорот на потребата за фотокопирање и бројот на направени фотокопии за секој наставник поодделно. |
| Компјутерска евиденција<br><br>Распоред за дежурства на наставници и евидентна книга за отсуства на наставниците<br><br>Увид во записници од Наставнички совети;<br><br>Закон за основно образование и работно време на наставниците | 7. **Дали целиот персонал (машки и женски) е редовно присутен на работа според прописите? Што прави училиштето за да ја следи и обезбеди присутноста на персоналот?**<br>Според распоредот на часови и работните обврски персоналот во училиштето е редовно и навремено присутен на своите работни места.<br>Следењето и обезбедувањето на присутноста се врши преку електронска евиденција со картици која ја врши директорот, педагошко-психолошка служба и дежурните наставници.<br>Електронската евиденција на присуство на вработените и времетраењето на часови поминати во училиште е воведено согласно со новите одредби на законот за работни односи.<br>Секое отсуство од работа персоналот претходно го најавува кај раководниот кадар, кој пак се грижи за навремена организација на наставата во новонастанати ситуации. Во училиштето се инстсалирани 9 камери на централни места во училиштето, заради поголемо следење на работата на вработените и учениците.<br> |

Професионални досиеја на наставниците

Сертификати и дипломи и признанија

**8. Каква е состојбата со работното искуство, квалификациите и стручноста на персоналот? (машки, женски персонал, различно потекло)?**

Кадарот во нашето училиште според години на стаж е со поголем стаж, имено:

| ***Наставн. според возраст*** | ***Број на вработени*** |
|---|---|
| 0-25 год. | |
| 25-29 год. | 4 |
| 30-34 год. | 4 |
| 35-39 год. | 8 |
| 40-44 год. | 11 |
| 45-49 год. | 14 |
| 50-54 год. | 12 |
| 55-59 год. | 13 |
| 60-64 год. | 1 |




Според квалификации може да се каже дека училиштето има мошне квалитетен, стручен и амбициозен кадар, кој перманентно работи на сопствено усовршување и обучување, што може да се види од приложениот увид по активи:

| | |
|---|---|
| Доктор на наука | 1 |
| Магисер на наука | 9 |
| Професори | 56 |

| | |
|---|---|
| Петогодишна програма за развој на училиштето<br><br>Документација од Директорот;<br><br>Записници од работа на стручните активи | 9. **Дали училиштето има стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош/поддршка на колегите?**<br>**П**ерсоналот со повисоки квалификации и поголемо работно искуство е ангажиран во:<br>- давање помош (поддршка) на колегите преку стручни предавања, семинари, конкретно планирање и реализирање на наставата, преку работењето на стручните активи и сл.<br>- давање стручна поддршка на нововработените наставници преку процес на менторство и сл.<br>- ангажирање на обучените наставници во водење на интерни обуки на теми кои се важни за воспитно-образовниот процес.<br>- училиштето има изготвено Програма за менторство, Програма за професионален развој на наставниците и директорот. |
| Повратни информации за посетата на часовите од страна на Директорот<br>Анкета во документација кај психологот на училиштето<br>Записници и програми од одржани корективни обуки | **10. Какви постапки се користат за оценување на работата на наставниците и идентификување на нивните потреби за професионален развој (индивидуално и на ниво на училиште)?**<br>Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и нивниот напредок, како и се идентификуваат потребите на наставниците за нивно професионално усовршување и напредување. Оценувањето на работата на наставниците се врши преку<br>- посета на часови од страна на Директорот и педагогот на училиштето<br>- анкетирање на учениците за работата на часот и нивна проценка на успешноста на истиот<br>- посета на часови од страна на назначените ментори и организирање на корективни обуки за одделни сегменти од работата на менторираните наставници со цел подобрување на квалитетот на работата и нивно професионално усовршување<br>- анализа на постигнатите резултати на учениците од полагањето на интерните и екстерните предмети од Државната матура<br>- секоја учебна година наставниците ги идентификуваат своите потреби за иден професионален развој и потоа резултатите се сумираат на ниво на училиште<br>- семинари, обуки на наставен кадар. |
| Анкети за утврдување на потребата за некоја обука<br><br>Записници од одржани интерни обуки | **11. Што прави училиштето во давањето поддршка на оние наставници кои што сакаат да ги подобрат своите стручни способности?**<br>Доколку се идентификува потреба за стручно усовршување на наставниците, најчесто во училиштето се организираат интерни обуки, каде обучувачи се наставници обучени и стручни за дадената тема. Екстерните обуки ретко се практикуваат, бидејќи училиштето нема доволно средства за истите. Во изминатиот период училиштето прави напори за интензивирање на соработката со разни невладини организации и здруженија кои би имале свој интерес за реализирање на обуки за наставници и ученици. Последниве години наставниците имаат можност да посетуваат обуки во странство организирани преку Националната агенција за образовни програми и мобилност, во рамки на програмата ЕРАЗМУС. Сите наставници кои биле вклучени во студиските обуки во странство задолжително држат дисеминација во училиштето со што ги пренесуваат новостекнатите занења. На овој начин се унапредува воспитно-образовниот процес. |
| Документација од Директорот | **12. Како училиштето ги следи и им дава помош на наставниците приправници?**<br>На наставниците-приправници им се определува наставник ментор, кој според однапред подготвен правилник за работа, изготвува план за работа, води евиденција и континуирано ја следи работата на приправникот и изготвува извештај кој го доставува до директорот. Педагошко-психолошката служба во училиштето ја следи работата на наставниците-приправници и им помага при |

| | |
|---|---|
| | изготвување на методски подготовки и реализирање на наставните содржини. |
| Документација кај Директор<br><br>Документација во сметководство | **13. Кои се постапките со кои се обезбедува финансиското работење да биде добро спороведувано и контролирано?**<br>Финансиското работење на училиштето се реализира преку финансиски план за работа на училиштето и истиот опфаќа три сегменти:<br>- Финансиски средства наменети за лични доходи на вработените и истите ги доделува и воедно ги контролира МОН,<br>- материјално финансирање на училиштето со наменски средства кои и ги доделува и го контролира нивното трошење локалната самоуправа (Град Скопје) и истата е наменета за подмирување на комуналните трошоци,<br>- самофинансирање на училиштето - средствата се обезбедуваат преку кирии од издавање на простор и истите се користат строго наменски за набавка на креди, хартија, тонер и друг потрошен материјал .<br>Овие средства во голема мера успеваат да ги покријат потребите на еден високо квалитетен образовен процес кон кој се стреми училиштето.<br>Во изготвување на финансикиот план на училиштето е ангажиран сметководител кој е во соработка со директорот и комисијата за јавни набавки, како и комисии формирани од страна на родителите.<br>На крајот на секоја календарска година, финасискиот план се разгледува на Училишен одбор и истиот се испраќа до соодветните структури во Град Скопје |
| Документација кај сметководител<br><br>Извештаи од финансиското работење на училиштето | 14.**Кој се е информиран за училишниот буџет и за трошоците? Дали информациите за училишниот буџет им се достапни на родителите и на локалната заедница?**<br>За училишниот буџет се информирани следните структури, според следниот редослед:<br>- Директорот на училиштето го изработува планот за финансиско работење на училиштето, а истиот се дополнува и менува според потребите на стручните активи.<br>- Планот за финансиско работење се предлага до училишниот одбор, кој истиот го одобрува или прави измени или дополнувања. На овој начин индиректно се запознаени и родителите за финансиското работење на училиштето.<br>- Планот за финансиско работење се доставува и до Совет на Град Скопје кој го одобрува или дополнува, па на тој начин директно е запознаета локалната власт и истата влијае на креирањето на финансиската политика на училиштето. |
| | **15. Како училиштето обезбедува планирањето на финансиските средства и работењето правично да ги одразува потребите на подрачните училишта, доколку има такви?**<br>Училиштето нема подрачни училишта. |

| **Собирање на податоци (ии) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Анкети за наставници, ученици и родители | **Тим наставници, ученици и родители** | **1.** На прашањето дали наставниците се задоволни од опременоста на училиштето над 85% одговориле позитивно, а само 9% со не, а како можни подрачја за подобрување ја наведуваат постојаната функционалност на техничката опрема и интернет во секој кабинет. Помал процент од сите испитаници се согласуваат дека училиштето обезбедува услови за исхрана. |
| | | **2.** На прашањето дали се задоволни со опременоста на училиштето со стручна литература и наставни помагала, од наставниците потврдно одговориле 94%, родители 80%, ученици 77%. |
| | | 3. На прашањето како училиштето ја следи употребата на наставни средства и помагала во наставата над 90% од анкетираните наставници сметаат дека следењето го прави Директорот на училиштето, стручната служба и самите активи. |
| | | 4. На прашањето дали наставниците добиваат помош од другите колеги во колективот, над 90% одговориле дека тоа е помош од страна на поискусните колеги или од психолошко – педагошката служба. Кога станува збор за нововработени наставници приправници 99% од анкетираните одговорија дека им се доделува ментор. |
| | | 5. Кога станува збор за идентификување на потребите за професионален развој на наставниците истите сметаат дека постои утврден систем (анкета), а училиштето секоја година организира обука за наставниците или се посетува обука од МОН или БРО. 95% од наставниците се согласуваат дека имаат можност за постојано стручно усовршување. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје Ресурси**

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| **Клучни јаки страни:**<br><br>✓ солидни просторни и материјално-технички услови за реализирање на наставниот процес;<br>✓ добро опремена читална - мултимедијален центар, кабинети по информатика, хемија, биологија, географија и историја, како и спортска сала (фитнес), спортски терени, СМАРТ табли, ЛЦД проектори, компјутери, телевизори и кариерен центар;<br>✓ добро обучен и професионален кадар мотивиран за стекнување нови знења и вештини;<br>✓ солидна соработка и комуникација помеѓу наставниците и взаемна поддршка во реализирање на воспитно-образовниот процес. |
| **Слабости:**<br><br>✓ постојана функционалност на техничката опрема и интернет во секој кабинет<br>✓ услови за исхрана во училиштето |

**Самоевалуација на училиштата:** **Подрачје: РЕСУРСИ**

| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Во рамките на ова подрачје е даден приказ на материјално - техничките услови со кои располага училиштето. Во последниве две години видливо е подобрена и инфраструктурата на училиштето како и материјално-техничките средства со кои располага училиштето. Направени се сериозни зафати во однос на реновирање на дел од инфраструктурниот простор на училиштето и спортската сала, комплетно реновирани соблекувални во склоп на спортската сала со замена на сите инсталации, изведен под од епоксиден систем, молерисување на просториите во спортската сала и молерисување во училишната зграда, замена на дотрајани подови со ПВЦ подови во дел од училниците, санирање на тоалети кои што протекуваа и беа ставени надвор од употреба, санирање на проблеми со електрична инсталација, замена на дел од прозорците во училниците, чистење на хоризонтални олуци, опремување на кабинети со инвертер клими и прочистувачи за воздух, обезбедување машина за чистење на епоксидниот под.<br><br>Исто така се презентирани состојбите со стручна литература и кадровскиот потенцијал во рамки на наставниот кадар. Може да се каже дека училиштето раполага со солидна литература и едукативни материјали кои може да ги користи во наставата и секако им ги нуди на учениците со цел збогатување на знаењата интересите и капацитетие. Во однос на воспитно-образовниот кадар може да се каже дека голем број наставници се со високи универзитетски звања, што укажува на фактот дека тие се амбициозни за постојано надоградување на своите знаења и дека училишната клима е поттикнувачка и полна со поддршка во насока на унапредување на знаењата на наставниците и процесот на доживотно учење.<br><br>Секако дека ваквата атмосфера е поттикнувачка и за наставниците почетници кои преку своите колеги ментори или во рамките на стручните активи можат да добијат помош и поддршка за поуспешно адаптирање во настата, секако во соработка со педагошко-психолошката служба.<br>Наставниот кадар има потреба за унапредување на знаењата низ реализирање на интерни и екстерни обуки и доедукации.<br><br>Финансиското работење на училиштето се реализира преку изготвување на финансиски план за работа на училиштето и истиот опфаќа три сегменти:<br>Средства наменети за лични доходи, наменски средства за покривање на трошоците и самофинансирање на училиштето.<br>Целокупната финансиска работа на училитето е под надзор на Советот на Град Скопје. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**<br><br>✓ функционалност на техничката опрема и интернет во секој кабинет<br>✓ обезбедување услови за исхрана во училиштето |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Раководство, креирање политика**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**7.1 Раководење со училиштето**

**7.2 Цели и креирање на училишна политика**

**7.3 Развојно планирање**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>7.1<br>• Годишни програми за работа на училиштето<br>• Годишни извештаи за работата на училиштето<br>• Полугодишен извештај за работа на училиштето<br><br>• Статут на училиштето<br>• Закон за средно образование<br>• Извештаи од работата на Училишниот одбор<br><br>• Извештаи од работата на училишниот одбор<br>• Записници од родителски средби<br><br>• Програми за работа на стручните активи<br>• Извештај за работа на стручните активи<br>• Програма за работа на педагошко-психолошка служба<br>• Извештаи за работата на педагошко- психолошката служба<br>• Записници од работа на класни и наставнички совети<br>• Записници од состаноци на</td><td>1. Каква е структурата на раководењето во училиштето (Училишен одбор, Директор на училиштето и други раководни лица). Дали во неа има правична застапеност на мажи и жени и на општествените и етничките групи за кои училиштето обезбедува услуги?<br>Орган на управување во училиштето е училишниот одбор. Тој е составен од 12 членови и тоа: четворица претставници од наставниците, тројца претставници од родителите односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот (Град Скопје) и по еден претставник од МОН и од деловната заедница (Стопанска комора).<br>Сите членови имаат право на глас, освен претставникот од деловната заедница. Мандатот на членовите на училишниот одбор трае четири години. Изборот на членовите во училишниот одбор се врши со гласање во рамки на наставничкиот совет (при избор на претставници на наставниците), советот на родители (при избор на претставници на родителите) и со назначување од страна на другите субјекти како МОН, Стопанска комора и Град Скопје.<br>Орган на раководење во училиштето е директорот на училиштето. Тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиската работа на училиштето. Него го избира и разрешува Градоначалникот на Град Скопје. Неговиот мандат е во траење од четири години.<br><br>2. Дали се јасно дефинирани надлежностите за управување и за административните задачи?<br>Надлежностите за управување како и административните задачи се формално дефинирани во повеќе нормативи. Основните надлежности за управување и административните задачи се дефинирани во Статутот на училиштето кој што е изработен врз основа на Законот за средното образование. Дел од административните задачи се дефинирани во Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, како и во други законски и подзаконски акти и правилници.<br><br>3. Како раководниот тим соработува во размена на идеи и разрешување на проблеми?<br>Раководниот тим формално треба да има соработка со сите субјекти од кои се делегирани членовите кои го сочинуват, бидејќи тие практично ги претставуваат овие структури и се запознаени со сите состојби во училиштето и пошироко во општествената заедница. Соработката е повеќенасочна и интерактивна, а се однесува на прашања и проблеми поврзани со работата на училиштето и пошироко, со општествената заедница.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **родителски одбори**<br>• **Евиденција од преписки на училштето со МОН, БРО и одговорни сектори на Град Скопје** | **4. Колку често раководниот тим одржува состаноци? Колку неговите членови се редовно присутни на состаноците и како состаноците се водат? Кој е одговорен да го обезбедува и да го поттикнува присуството на состаноците и како се водат состаноците?**<br><br>Раководниот тим (Училишниот одбор) се состанува најмалку четири пати во текот на една календарска година или повеќе пати по потреба. Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на училишниот одбор, а во негово отсуство заменикот. Нив ги свикува претседателот на одборот, на негова иницијатива, на барање на директорот или на барање на 1/3 од членовите на училишниот одбор. Училишниот одбор може да одржи седница само доколку се присутни повеќе од половина од членовите. Одлуките се донесуваат со повеќе од половина гласови од вкупниот број членови на училишниот одбор кои имаат право на изјаснување и одлучување. За секој состанок се води записник кој се запишува во посебна записничка книга. Секретарот на училиштето е записничар на состаноците и воедно се грижи за свикување на состаноците и правната рамка при реализирањето на активностите на училишниот одбор.<br><br>На состаноците се редовно присутни претставниците на наставниците и родителите, еден претставник од градот, како и директорот. Секој член на одборот добива формална покана и работни материјали, не подоцна од три дена пред закажаниот термин за состанок. Состаноците ги води претседателот на училишниот одбор.<br>Одлуките на одборот се донесуваат со јавно гласање од страна на сите членови кои имаат право на глас, освен во исклучителни случаи кога гласањето е тајно.<br><br>Претседателот на одборот, директорот на училиштето и записничарот се одговорни за информирање на членовите на наставничкиот совет и родителскиот совет за одлуките на училишниот одбор, кое се врши со информирање на огласна табла или на состаноците на наставничкиот совет или советот на родители.<br><br>**5. Дали и како одделните подрачни училишта се вклучени во раководната структура?**<br>Нашето училиште нема подрачни училишта.<br><br>**6. Каков однос има раководниот тим со другите субјекти во училиштето, на пр. Како се консултираат другите субјекти, а особено учениците, и како другите субјекти добиваат информации за одлуките на раководниот тим?**<br>Односот на раководниот тим е коректен со сите субјекти во училиштето. Другите субјекти се консултираат релативно често, односно по потреба, за прашања за кои е важно нивното мислење.<br>Учениците се консултираат, најмногу преку нивните претставници од паралелките, во комуникација со директорот на училиштето, преку избрани претставници во ученичката заедница која интензивно функционира и одржува редовни состаноци и има подготвено своја програма за работа.<br>Останатите заинтересирани субјекти се информираат за работата на училишниот одбор преку извештај за |

| | |
|---|---|
| | одржаните  состаноци, објавен на огласната табла и по потреба со извештај до  наставничкиот совет или на советот на родители. |
| **7.2**<br>• **Годишни програми за работа на училиштето и Годишни извештаи за работа на училиштето**<br><br>• **Статут  на училиштето**<br>• **Закон за средно образование**<br>• **Извештаи од работата на Училишниот одбор**<br>• **Извештаи од работата на училишниот одбор**<br>• **Записници од родителски средби**<br>• **Програми за работа на стручните активи**<br>• **Извештај за работа на стручните активи**<br>• **Програма за работа на педагошко-психолошка служба**<br>• **Извештаи за рабоптата на педагошко- психолошката служба**<br>• **Програма за работа на проектни активност**<br>• **Здравствени книшки**<br>• **Програма за реализација на вонnаставни активности**<br>• **Записници од работа на класни и наставнички совети**<br>• **Записници од состаноци на родителски одбори**<br>• **Евиденција од преписки  на училштето со МОН, БРО и** | 7. **Дали училиштето има политика и правилници во врска со дисциплината и дисциплинските мерки, поведението, насилничкото однесување, сексуалната злоупотреба и дискриминација?**<br>Во училиштето се користат Упатството за изрекување на педагошки мерки и Законот за средно образование, како правна рамка за регулирање на дисциплината и поведението на учениците, кои делумно  го покриваат  и делот за насилничко однесување, сексуална злоупотреба и дискриминација.<br><br>Училиштето има изготвено и усвоено Правилник со кој се регилираат: куќниот ред на училиштето, однесувањето на учениците, наставниците и родителите, одржување на класниот час, избор на првенец на генерација, однесување на дежурните ученици, однесување на ексурзија.<br>На седници на Училишниот одбор, дополнително се донесени:<br>- Правилник за начинот на заштита на компјутерите и опремата  и за начинот  за надомест на штета<br>- Правилник за регулирање на во случаи на злоупотреба на алкохол и ПАС<br>- Правилник за користење на ИКТ во наставата.<br>- Интерен правилник за билингвални паралелки донесен<br>- Правилник за регулирање на изостаноци донесен<br><br>8. **Кои се постапките во креирањето на училишната политика? Кој се е вклучен во неа?**<br>Училиштето е во процес на дефинирање и изработка на сеопфатна училишна политика во која би се вклучиле сите субјекти. Според процедурата најпрво би се изготвил предлог текст од работна група составена од наставници, родители и ученици. Потоа овој текст се планира да се даде на поширока расправа во стручните активи и на крај да се усвои од Наставничкиот совет и Училишниот одбор.<br><br>9. **Дали за таквата политика се информираат сите заинтересирани субјекти (наставници, родители и ученици) Како?**<br>За активностите во рамки на училишната политика се информираат наставниците на наставнички совет, родителите преку родителски состаноци и учениците преку часовите на паралелките и состаноци со стручните соработници и директорот со нивни претставници.<br><br>10. **Каква политика имате во врска со давањето поддршка на учениците, за унапредување на здравјето, разрешување на кризни состојби или за друга релевантна локална проблематика?**<br>Политиката на училиштето во областа на давање поддршка на учениците, се огледа преку активности на педагошко-психолошката служба која посебно работи со ученици кои имаат проблеми со адаптација во прва година или доаѓање од друго училиште, проблеми со учење и проблеми со дисциплината, како и семејни и лични  проблеми.<br>Наставниците им помагаат на оние ученици кои имаат слаби постигања, преку дополнителна настава |

| | |
|---|---|
| **одговорни сектори на Град Скопје** | која е претходно планирана на годишно ниво или дополнителни термини за одговарање, поправање на оцени и планирање на материјалот за усвојување.<br>Раководителите на паралелки даваат поддршка за поуспешно функционирање на паралелката и креирање на позитивна училишна клима на соработка и почитување во паралелките.<br>Директорот дава свој придонес преку координирање на активностите на сите вклучени субјекти и соработува со нив за сите важни прашања.<br>За прашањето за унапредување на здравјето, разрешување на кризни состојби или за други релевантни проблеми не постои јасно структурирана училишна политика која би биле решена на ниво на протокол а во моментов се работи на подготовка на протокол за разрешување на кризни состојби во училиштето. Секако дека се реализираат активности, но не се на ниво на училишна политика (пр. здравствени систематски прегледи на учениците и наставниците, превентивни активности за унапредување на здравјето и сл.). Ова е поле на кое треба да се работи.<br><br>**11. Каква политика имате за учениците со различни спсобности и предиспозиции?**<br>Политика на училиштето е да дава помош за успешно интегрирање на учениците со различни способности и предиспозиции во воспитно-образовниот процес. На надарените ученици им се определуваат ментори кои ги подготвуваат за натпревари по различни предмети или се ангажираат на различни проекти или организира додатна настава, којашто е претходно планирана на годишно ниво.<br>Училиштето нуди широка лепеза од најразлични проектни активности преку кои учениците можат да ги изразат и развијат своите способности и афинитети.<br>Во училиштето се реализираат различни проекти во соработка со училишта од државата или од странство. Талентираните ученици учествуваат во културни манифестации организирани во училиштето каде имаат прилика да ги изразат своите таленти и способности.<br><br>За учениците кои имаат потешкотии во усвојувањето на наставните содржини, редовно еднаш неделно се одржува дополнителна настава, според однапред подготвена програма и распоред по сите наставни предмети. Учениците со различни интелектуални, здравствени или емотивни пречки и предиспозиции училиштето успешно ги вклопува во сиситемот, секако со индивидуален пристап кон секој ученик од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба.<br><br>**12.Каква е јазичната политика на училиштето?**<br>Во училиштето се негува политика на билингвализам, значи, изучување на дел од наставните предмети на странски јазици во посебни билингвални паралелки.<br>На овој начин освен запознавањето на сопствениот јазик и култура се изучуваат и запознаваат и јазиците и културите на други земји (француски и англиски јазик), што придонесува за градење на космополитскиот дух кај младите, особено имајќи предвид дека се работи за едни од најраспространетите светски јазици. Придобивки од билингвалите француски паралки се можностите за учениците да полагаат и да се стекнат |

| | |
|---|---|
| | со диплома за нивото на познавање на француцкиот јазик (ДЕЛФ), како и диплома за завршено средно образование во билингвална паралелка. Тоа им овозможува упис на универзитети во франкофонските земји. |
| **7.3**<br><br>• **Годишни програми за работа на училиштето и Годишни извештаи за работа на училиштето**<br>• **Статут на училиштето**<br>• **Закон за средно образование**<br>• **Извештаи од работата на Училишниот одбор**<br>• **Записници од родителски средби**<br>• **Програми за работа на стручните активи**<br>• **Извештај за работа на стручните активи**<br>• **Програма за работа на педагошко-психолошка служба**<br>• **Извештаи за работата на педагошко- психолошката служба**<br>• **Записници од работа на класни и наставнички совети**<br>• **Извештаи од спроведени анкети за унапредување на работата на училиштето**<br>• **Записници од состаноци на родителски одбори**<br>• **Евиденција од преписки на училштето со МОН, БРО и одговорни сектори на Град Скопје и совет на Град Скопје.** | **13. Кој е одговорен за годишното планирање? Дали постојат активности за долгорочно планирање?**<br>Одговорен за изготвување и реализирање на годишната програма за работа на училиштето е директорот на училиштето. Изготвената предлог-програма директорот ја презентира пред Наставничкиот совет и членовите на Училишниот одбор кои со гласање ја прифаќаат и ја предлагаат на усвојување до Советот на Град Скопје.<br><br>По завршување на учебна година директорот и педагошко-психолошката служба изготвува Извештај за реализирањето на годишата програма за работа, кој се темели врз извештаите од наставниците во рамки на стручните активи и анализата на постигнувањата на учениците во текот на учебната година и поднесува извештај за реализацијата на годишната програма која во предлог текст ја презентира пред Наставничкиот совет и Училишниот одбор, кој ја усвојува со гласање и со одлука на Училишниот одбор се препраќа за усвојување до Советот на Град Скопје.<br><br>Во училиштето се изготвува Годишна програма за работа на училиштето за секоја учебна година, како и Програма за развој на училиштето за период од четири години од страна на тимот за развој на училиштето составен од директорот, сменоводителот, стручниот соработник (психолог) претседателот на училишниот одбор, предметен наставник, претседателот на родителскиот совет и двајца ученици.<br><br>На секои две години, во училиштето се спроведува самоевалуација на работата на училиштето. Врз основа на добиените резулати и дефинираните приоритети за развој на училиштето, се изготвува развоен четиригодишен план на училиштето.<br><br>14. **Како планирањето се базира врз податоците?**<br>Планирањето се базира врз основа на податоците од извештаите за работа на наставниците во рамки на стручните активи, согледувањата за реализација на планираните активности од страна на директорот и сменоводителите, врз основа на податоци добиени од истражувачка работа на стручните соработници и врз основа на сознанијата од анализата на постигнувањата на учениците за секој класификационен период по паралелки, по години на школување и генерално на ниво на училиште за целата учебна година (статистички извештаи) и новите сознанија од областа на педагошката наука и развојните приоритети на училиштето.<br>Освен горенаведените извори, значајни податоци се добиваат од извештаите за работа на родителските одбори и родителски средби како и разговори со претставници на телата на учениците и родителите.<br>Извор на податоци се и финансиските извештаи, извештаите за материјално – техничката состојба и |

| | |
|---|---|
| | пописните листи од кои се утврдува состојбата во училиштето, како и податоците кои произлегуваат од соработката и преписката со МОН, БРО и совет на Град Скопје, како и сите медиумски објавени информации од интерес.<br><br>**15. Како обезбедувате планирањето да биде реално и да вклучува практични инструменти за следење на неговиот напредок?**<br>Генерално, училиштето ги следи препораките од МОН и БРО за планирање на тековните активности. Реалните рамки на планирањата се поставуваат врз основа на дефинираните приоритети и самоевалуација на работата на училиштето, како и годишните извештаи од работата на наставниците, стручните активи, стручната служба и годишната програма за работа.<br>Практични инструменти за следење на напредокот на планирањата се обезбедуваат преку квантитативни и квалитативни анализи на реализираната настава, постигнувањата на учениците, поведението и редовноста на учениците, изречените педагошки мерки, приливот и одливот на учениците, анкетите и прашалниците спроведени од педагошко-психолошката служба, извештаите за реализирањата на годишните програми на стручните активи и други извори.<br><br>**16. Нашето училиште нема подрачни училишта.** |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци**<br><br>**Прашалници за родители, ученици и наставници** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?**<br>**<u>Одговори на прашалник за родители:</u>**<br><br>1. 63% од родителите целосно или делумно сметаат и 35% не знаат дека Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето.<br>2. 59% од родителите целосно или делумно сметаат и 40% не знаат дека Директорот има јасна визија за развојот на училиштето во согласност со потребите на сите кои се поврзани со работата на училиштето.<br>3. 59% од родителите целосно или делумно сметаат и 41% не знаат дека Директорот поседува многу важни особини и интерперсонални вештини вклучувајќи праведност, способност за создавање на доверба, мотивирање и поттикнување.<br>4. 60% од родителите целосно или делумно сметаат и 38% не знаат дека Директорот е објективен во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето.<br>5. 47% од родителите целосно или делумно сметаат и 51% не знаат дека Директорот успешно ги разрешува конфликтните ситуации.<br>6. 59% од родителите целосно или делумно сметаат и 39% не знаат дека Директорот може да донесе комплексни или тешки одлуки, кога тоа е потребно.<br>7. 59% од родителите целосно или делумно сметаат и 38% не знаат дека Директорот е подготвен да преземе одговорност во донесување на одлуки.<br>8. 59% од родителите целосно или делумно сметаат и 39% не знаат дека Директорот ги поставува учењето и постигнувањето на учениците во средиштето на активноста на училиштето.<br>9. 67% од родителите целосно или делумно сметаат и 30% не знаат дека бара одговорност и дисциплина.<br>10. 44% од родителите целосно или делумно сметаат и 55% не знаат дека навремено ги информира вработените.<br>11. 43% од родителите целосно или делумно сметаат и 55% не знаат дека ги мотивира вработените на професионален однос кон работата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 12. 51% од родителите целосно или делумно сметаат и 47% не знаат дека промовира, поттикнува и организира тимска работа.<br>13. 52% од родителите целосно или делумно сметаат и 47% не знаат дека вработените се вклучени во процесот на планирање и развој на училиштето.<br>14. 58% од родителите целосно или делумно сметаат и 27% не знаат дека при креирање на развојниот план на училиштето се консултирани родителите и учениците.<br>15. 38% од родителите целосно или делумно сметаат и 59% не знаат дека ненаставниот персонал им помага на наставниците во извршување на административни и други работи.<br>16. 40% од родителите целосно или делумно сметаат и 55% не знаат дека сите вработени во училиштето и членовите на Училишниот одбор се запознаени со начинот на располагање со финансиските средства.<br>17. 41% од родителите целосно или делумно сметаат и 57% не знаат дека располагањето со финансиски средства е во согласност со воспитно-образовните цели и приоритети на училиштето.<br>18. 56% од родителите целосно или делумно сметаат и 36% не знаат дека Училишниот одбор јасно и транспарентно известува за својата работа.<br><br>Од овие одговори на родителите може да се заклучи дека родителите во училиштето чувствуваат дека вработените, учениците и родителите се запознаени со темелните вредности и целите на училиштето, директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите и вработените, училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки, националната, етичката, верската, културната и јазичната различност се почитуваат и негуваат**,** сигурни и слободни да поставуваат прашања и да актуелизираат проблеми, дека се работи финансиски транспарентно, односно дека доколу е потребно родителот финасиски да партиципира, објаснети му се условите, директорот има личен кредибилитет и висок степен на професионални компетенции при работата. Одреден процент од родителите искажуваат непознавање на внатрешната организација на училиштето.<br><br>Она на што треба повеќе да се работи во иднина е давање појасни упатства за тоа како најдобро да му помогнат на своето дете при учењето, поголема вклученост на родителите и учениците во активностите и процесите на одлучување во училиштето.<br><br>**<u>Одговори на прашалник за ученици:</u>** |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1. 62% од учениците целосно или делумно сметаат дека Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето.<br>2. 55% од учениците целосно или делумно сметаат и 45% не знаат дека Директорот има јасна визија за развојот на училиштето во согласност со потребите на сите кои се поврзани со работата на училиштето.<br>3. 57% од учениците целосно или делумно сметаат и 42% не знаат дека Директорот поседува многу важни особини и интерперсонални вештини вклучувајќи праведност, способност за создавање на доверба, мотивирање и поттикнување.<br>4. 44% од учениците целосно или делумно сметаат и 52% не знаат дека Директорот е објективен во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето.<br>5. 56% од учениците целосно или делумно сметаат и 43% не знаат дека Директорот успешно ги разрешува конфликтните ситуации.<br>6. 52% од учениците целосно или делумно сметаат и 43% не знаат дека Директорот може да донесе комплексни или тешки одлуки, кога тоа е потребно.<br>7. 56% од учениците целосно или делумно сметаат и 39% не знаат дека Директорот е подготвен да преземе одговорност во донесување на одлуки.<br>8. 51% од учениците целосно или делумно сметаат и 47% не знаат дека Директорот ги поставува учењето и постигнувањето на учениците во средиштето на активноста на училиштето.<br>9. 72% од учениците целосно или делумно сметаат дека бара одговорност и дисциплина.<br>10. 49% од учениците целосно или делумно сметаат и 46% не знаат дека навремено ги информира вработените.<br>11. 37% од учениците целосно или делумно сметаат и 58% не знаат дека ги мотивира вработените на професионален однос кон работата.<br>12. 49% од учениците целосно или делумно сметаат и 48% не знаат дека промовира, поттикнува и организира тимска работа.<br>13. 41% од учениците целосно или делумно сметаат и 55% не знаат дека вработените се вклучени во процесот на планирање и развој на училиштето.<br>14. 42% од учениците целосно или делумно сметаат и 37% не знаат дека при креирање на развојниот план на училиштето се консултирани родителите и учениците.<br>15. 34% од учениците целосно или делумно сметаат и 62% не знаат дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | ненаставниот персонал им помага на наставниците во извршување на административни и други работи.<br>16. 30% од учениците целосно или делумно сметаат и 64% не знаат дека сите вработени во училиштето и членовите на Училишниот одбор се запознаени со начинот на располагање со финансиските средства.<br>17. 34% од учениците целосно или делумно сметаат и 62% не знаат дека располагањето со финансиски средства е во согласност со воспитно-образовните цели и приоритети на училиштето.<br>18. 38% од учениците целосно или делумно сметаат и 54% не знаат дека Училишниот одбор јасно и транспарентно известува за својата работа.<br><br>Од одговорите на учениците може да се заклучи дека во училиштето постои добра клима, дека конфликтните ситуации се разрешуваат, дека се задоволни од компетенциите и кредибилитетот на директорот и стручната служба, кои доживуваат дека се лица на кои можат да им се обратат и кои се во контакт со родителите/старателите.<br>Она на што повеќе треба да се поработи во училиштето е поголема вклученост на учениците во донесување одлуки, поголемо заживување и отвореност на ученичката заедница, поголема информираност на учениците за процесот на самоевауација на училиштето и развојниот план и негување на чувството на еднаков пристап и третман на секој ученик.<br><br>**<u>Одговори на прашалник за наставници:</u>**<br><br>1. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето.<br>2. 93% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот има јасна визија за развојот на училиштето во согласност со потребите на сите кои се поврзани со работата на училиштето.<br>3. 95% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот поседува многу важни особини и интерперсонални вештини вклучувајќи праведност, способност за создавање на доверба, мотивирање и поттикнување.<br>4. 95% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот е објективен во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето.<br>5. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот успешно ги разрешува конфликтните ситуации. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот може да донесе комплексни или тешки одлуки, кога тоа е потребно.<br>7. 98% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот е подготвен да преземе одговорност во донесување на одлуки.<br>8. 93% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Директорот ги поставува учењето и постигнувањето на учениците во средиштето на активноста на училиштето.<br>9. 100% од наставниците целосно или делумно сметаат дека бара одговорност и дисциплина.<br>10. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека навремено ги информира вработените.<br>11. 92% од наставниците целосно или делумно сметаат дека ги мотивира вработените на професионален однос кон работата.<br>12. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека промовира, поттикнува и организира тимска работа.<br>13. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека вработените се вклучени во процесот на планирање и развој на училиштето.<br>14. 96% од наставниците целосно или делумно сметаат дека при креирање на развојниот план на училиштето се консултирани родителите и учениците.<br>15. 92% од наставниците целосно или делумно сметаат дека ненаставниот персонал им помага на наставниците во извршување на административни и други работи.<br>16. 87% од наставниците целосно или делумно сметаат дека сите вработени во училиштето и членовите на Училишниот одбор се запознаени со начинот на располагање со финансиските средства.<br>17. 95% од наставниците целосно или делумно сметаат дека располагањето со финансиски средства е во согласност со воспитно-образовните цели и приоритети на училиштето.<br>18. 94% од наставниците целосно или делумно сметаат дека Училишниот одбор јасно и транспарентно известува за својата работа.<br><br>Од овие одговори може да се заклучи дека во многу голема мерка наставниците се задоволни од начинот на раководење, навременото информирање, начинот на разрешување на конфликти и кредибилитетот на директорот, дека сметаат дека и тие, а и родителите и ученците се вклучени во креирање на развојниот план на училиштето и во планирање на приоритетите во однос на воспитните цели, а и во материјално-техничкото планирање, постои добра клима и соработка меѓу вработените и дека се |

| | | |
|---|---|---|
| | | обраќаат на стручната служба за помош и поддршка. Исто така кај наставнците владее мислење дека се запознаени во голема мера со финансиската работа на училиштето и училишниот одбор јасно и транспарентно известува за својата работа. |
| **1. Интервјуа** | • **Директор**<br>• **Претседател на Училишен одбор**<br>• **Секретар на училиште** | **1. Од интервју со директор ги добивме следниве информации:**<br><br>Директорот на училиштето нè запозна со неговите активности поврзани со раководењето на училиштето. Може да се каже дека тие се многубројни и различни.Тој истакна дека е одговорен за изработка на годишната програма за работа на училиштето, ги планира идните активности кои вработените треба да ги реализираат во училиштето. При ова тој соработува со одговорните наставници на стручните активи, стручната служба, секретарот, благајникот и сметководителот кои се одговорни за финасиското работење на училиштето. Исто така тој е одговорен за планирањето на набавки, поправки и сл. инфраструктурни зафати во училиштето.<br>Директорот соработува и со надворешни лица, односно одговорни лица од МОН, БРО, како и Град Скопје, кои ги информира и запознава со тековните активности, односно реализира активности и на нивно барање. Тој истакна дека е многу важна и соработката со родителите и учениците преку нивните претставници. За интензивирање на соработката со локалната заедница, соработува со соодветните лица од општината и стопанските институции од општината и градот како и со различни невладини организации кои реализираат активности во училиштето и во соработка со ученици и наставници од училиштето.<br>Преку остварените средби со различните претставници се договараат и планираат идните активности и се имплементираат во предлог-годишната програма за работа на училиштето. Тие потоа се презентираат пред наставничкиот совет, советот на родители и училишниот одбор. Откако ќе бидат разгледани, заедно со предлозите од овие структури тие се имплементираат во интегрален текст кој се испраќа до одговорните структури во Град Скопје. По секоја завршена учебна година се поднесува Годишен извештај за реализираните активности од оние кои биле планирани во годишната програма.<br>Интегрален дел од работата на директорот е и финансискотот работење и планирање. Според директорот на училиштето, најважна фаза е планирањето да соодветствува реално на приходите на училиштето. Во овој дел од работата на директорот спаѓа и планирањето на набавки. Тој добива барања за набавки од стручните активи и во однос на приоритетноста и можностите на училиштето се одлучува што ќе се набави, од наставни и технички помагала.<br>По завршувањето на секоја учебна и календарска година, директорот поднесува извештај пред членовите на училишниот одбор, како и одговорните структури од |

| | | |
|---|---|---|
| | | градот.<br><br>**2. Од интервју со претседателот на училишен одбор ги добивме следниве информации:**<br><br>Претседателот на Училишниот одбор го објасни начинот на функцирање на одборот од неговото работење. Таа објасни дека одборот се состои од 12 члена се од различни структури (наставници, родители, претставници на МОН, Град Скопје и Стопанската комора на РМ.)<br>Во однос на работата на Училишниот одбор, претседателот го опиша текот на состаноците. Имено тие се одржуваат минимум четири пати годишно и секогаш по потреба, доколку се работи за некои прашања поврзани со работата на училиштето.<br>Секоја средба започнува со читање на предлог – дневен ред и читање и усвојување на записникот од претходно одржаната седница. Потоа се преминува на разгледување и дискусија на следните точки. Членовите слободно дискутираат за сите прашања кои се поставуваат на состаноците. Гласањето се реализира, само доколку има кворум и е јавно. По потреба директорот присуствува на состаноците и ги презентира материјалите, кои се важни за соодветниот состанок. Записничар (секретарот на училиштето) води записник од секој состанок, а за работата на Училишниот одбор редовно се информирани наставниците со извештај од неговата работа – објавен на огласната табла во наставничката канцеларија.<br>Во однос на активностите на Училишниот одбор, претседателот соопшти дека во најголема мерка тие се поврзани со анализа на Годишната предлог програма за работа на училиштето, Годишниот извештај од изминатата учебна година, Годишна програма за работата на училиштето, како и Извештајот за финансиското работење на училиштето.<br><br>**3. Од интервју со секретарот на училиштето ги добивме следниве информации:**<br><br>Секретарот на училиштето го опиша процесот на подготовка на состанокот, на тој начин што најдоцна три дена пред закажаниот термин за состанок, секретарот во соработка со претседателот на училишниот одбор подготвува покана со дефиниран предлог за дневен ред и термин на средбата. Сите покани се испраќаат до членовите. Со поканите се доставуваат и предлог акти кои треба да се усвојат. По добивање на поканите, членовите контактираат со секретарот доколку не се во состојба да присуствуваат на состанокот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Секретарот изјави дека тој изготвува документи, правилници и други акти кои произлегуваат од одлуките донесени на седниците и ги објавува на огласна табла и слично. Секретарот објасни дека е записничар на состаноците и дава мислење за одредени правни прашања доколку е побарано од него. |

**Самоевалуација на училиштето:**

**Подрачје: Раководство, креирање политика**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>✓ прецизна и јасна дефинираност на улогите, задачите и одговорностите на вработените;<br>✓ наставниците во голем процент се спремни да им пружат поддршка на учениците;<br>✓ наставниците, родителите и учениците се запознаени со начинот на раководење и управување во училиштето;<br>✓ примена на правилник за изрекување на педгошки мерки; |
| **Слабости**<br><br>✓ подобрување и зголемување на вклученоста на родителите во донесување одлуки<br>✓ подобрување на соработката со родителите низ развивање на повеќе различни форми на соработка |

**Самоевалуација на училиштата:** **Подрачје <u>Раководство, креирање политика</u>**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Тој е составен од 12 членови и тоа: четворица претставници од наставниците, тројца претставници од родителите односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот (Град Скопје) и по еден претставник од МОН и од деловната заедница (Стопанска комора).<br><br>Орган на раководење во училиштето е директорот на училиштето. Тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиската работа на училиштето. Него го избира и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.<br><br>Постои добра соработка меѓу членовите на училишниот одбор и директорот на училиштето. Тие редовно оджуваат состаноци за се договараат за тековните проблеми и прашања врзани со работата на училиштето. Годишно се оджуваат минимум четири средби, а по потреба и повеќе.<br>Задачите за управување како и административните задачи се формално дефинирани во Статутот на училиштето и во Законот за средно образование.<br>Раководниот тим формално треба да има соработка со сите субјекти од кои се делегирани членовите кои го сочинуват, бидејќи тие практично ги претставуваат овие структури и се запознаени со сите состојби во училиштето и пошироко во општествената заедница. Соработката често пати е повеќенасочна и интерактивна, а се однесува на прашања и проблеми врзани со работата на училиштето и пошироко, општествената заедница.<br><br>Размената на идеи се врши на повеќе нивоа вклучувајќи ги учениците, родителите, наставниците и претставниците од градот, МОН и деловната заедница, а секако по потреба и други субјекти од интерес, во врска со прашања кои се врзани со работата на училиштето. Вклученоста на учениците е повеќе формална отколку суштинска и на ова треба да се работи во иднина. Учениците преку своите претставници и тела да бидат повеќе вклучени во изнесување на свои идеи, предлози и искажување на свои проблеми.<br><br>Придонесот на родителите треба да е поголем и тоа не само формален, туку и суштински, преку размена на идеи, презентирање на свои сознанија и искуства во однос на организацијата на работата. Мора да се напомене нивниот слаб интерес за соработка и слаба мотивираност да го посетуваат училиштето за време на закажаните родителски состаноци, а уште помалку во другите предвидени термини за посета на раководителот на паралелка или предметните професори. Овој вид на соработка и комуникација се одвива он лајн, преку состаноци, анкети и сл.<br>Она што е и приоритетна активност на училиштето е подобрување на соработката со родителите низ развивање на повеќе различни форми на соработка. |

| |
|---|
| Разрешувањето на проблеми се остварува со учество на сите управувачки, раководни и стручни тела во училиштето како и соработка со родителите, учениците и структурите од градот, МОН и деловната заедница.<br><br>Во училиштето се реализираат повеќе активности од различни области за унапредување на здравјето, подобрување на соработката со родителите, поддршка на учениците, намалување на насилничко однесување, намалување на изостанувањето од настава и сл. Но тие не се развиени на ниво на училишна политика, која подразбира информираност и вклученост на сите субјекти во воспитно-образовниот процес во работа на некоја тема или идеја, при што сите мотивирано ќе пристапат во релизирање на заеднички активности, креирање на процедури и протоколи за работа.<br><br>Постојат релативно прецизни правилници за регулирање на поведениeто и изрекувањето на педагошки мерки кои најпрецизно се применуваат и даваат добри резултати во однос на дисциплината и радовноста на учениците.<br><br>Училиштето, преку проектните активности, кои се навистина богати и шаренолики, се обидува да ги интегрира сите ученици и да им овозможи тие да ги доразвијат сите свои потенцијали, предиспозиции и способности. Во однос на учениците со посебни потреби, училиштето има добра пракса.<br>Училиштето негува и поттикнува кај учениците билингвализам, што значи се става посебен акцент на изучување на два светски јазика<br>(француски јазик и англиски јазик) и запознавање на културата и традицијата на тие земји.<br><br>Во училиштето постои долгорочно планирање. Изготвена е четиригодишна развојна програма (2019 - 2023) и дефинирани се приоритетни подрачја на промена и планирани активности. Врз основа на ова се подготвуваат и годишните планирања, односно годишната програма за работа на училиштето. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>**-** поголема вклученост на учениците и родителите во понуди и прифаќање на нивни идеи во насока на подобрување на образовниот процес,<br>- подобрување на комуникацијата во училиштето меѓу сите вклучени субјекти (особено со родители), во континуитет. |